**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 ГОДИНА

Скопје, јуни 2022 година

**СОДРЖИНА**

*ВОВЕД* ........................................................ 1
*ПРАВНА ОСНОВА И НАДЛЕЖНОСТИ* ........................................................ 1
*1.Уставна положба и законска рамка на Јавното обвинителство* ........................................................ 1
2. Надлежност, задачи и обврски на јавното ообвинителство и јавните обвинители ........................................................2
*II. КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА* ........................................................ 5
1.Кадровска состојба ........................................................5
1.1Јавни обвинители ........................................................6
1.2 Јавнообвинителска стручна служба ........................................................8
*2. Просторни капацитети* ........................................................12
*III. БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ* ........................................................13
1. Процентуално учество на наменски буџетски средства трансферирани на сметките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија како корисник од второ ниво, сите виши, основни јавни обвинителства ........................................................17
и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал ........................................................17
*2. Спроведени постапки и реализирани договори за јавни набавки* ........................................................18
*IV. ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА* ........................................................19
*V. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКА АКТИВНОСТ* ........................................................19
*VI. ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР* ........................................................20
*VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА* ........................................................20
*VIII. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И СТРУЧНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА* ........................................................21
*IX. ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО* ........................................................22
*X. ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ И ПОСТАПКИТЕ ПО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ* ........................................................23
*1. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ* ........................................................24
1.1 Постапување на основните јавни обвинителства........................................................24
1.2. Подносители на кривични пријави........................................................25
1.3. Постапување по кривични пријави........................................................25
*2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД СТОРИТЕЛИ - ДЕЦА* ........................................................28
2.1. Примени кривични пријави........................................................28
2.2 Подготвителна постапка........................................................28
2.3 Предлози за изрекување на санкции........................................................29
2.4 Одлуки на Советот на деца и жалби на јавните обвинители........................................................29
*3. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД НЕПОЗНАТИ СТОРИТЕЛИ* ........................................................29
*4. ПОСТАПУВАЊЕ И ДЕЈСТВИЈА ПРЕВЗЕМЕНИ ОД ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ПО ПРЕДМЕТИТЕ* ........................................................30
4.1 Барање за собирање податоци и потребни известувања........................................................30
4.2 *Истражни дејствија на јавниот обвинител во предистражна постапка........................................................30*
*4.2.1 Примена на посебни истражни мерки........................................................30*
*4.3. Резултати од истраги спроведени од јавните обвинителства / Одлуки по кривични пријави........................................................32*
*4.3.1. Број и структура ........................................................32*
*4.3.2 Отрфлени кривични пријави ........................................................33*
*4.3.3 Донесени наредби за спроведување истражна постапка........................................................35*
*4.3.4 Примена на мерката притвор........................................................36*
4.3.5 Одлуки по спроведена истрага........................................................37
4.3.6 Предлог спогодби........................................................38
4.3.7 Обвиненија........................................................39
4.3.8 Одлуки на судот по поднесените обвиненија........................................................39
4.3.9 Одземени предмети, конфискација на имот........................................................42
4.3.10 Меѓународна правна помош........................................................43
*5. ПРАВНИ ЛЕКОВИ*........................................................44
5.1 Редовен правен лек - Жалба........................................................44
5.2 Вонредни правни лекови........................................................48
*XI. СТРУКТУРА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ* ........................................................49
1. *Движењето на криминалот по поедини карактеристични кривични дела*........................................................50
*2. Кривични дела од корупција*........................................................*53*
*3. Состојбата на структурата на криминалитетот според кривичните дела систематизирани према посебните глави на Кривичниот законик на Република Северна Македонија* ........................................................*57*
*ЗАКЛУЧОК*........................................................60

## ВОВЕД

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија согласно чл.54 од Законот за јавно обвинителство изготвува единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства. Овој Извештај се заснова на поединечните годишни извештаи на секое основно јавно обвинителство, на годишните извештаи на четирите виши јавни обвинителства и на годишниот извештај на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Извештајот се состои од неколку глави, во кои е изложен осврт на состојбите и се дадени заклучоци за активности кои треба да се имаат предвид. Изложена е правната основа и надлежностите, организациската поставеност на обвинителствата и капацитетите, збирните податоци за бројот и постапките по кривичните предмети во обвинителствата и други релевантни податоци.

Јавните обвинители се први и повикани во име на општеството да ја овозможат и гарантираат ефикасноста на кривично - правниот систем. Неопходни се заложбите за самостојно, стручно, одговорно, ефикасно и професионално обвинителство, преку обезбедување на законски и материјални предуслови и јакнење на интегритетот на јавниот обвинител. Целта е заедничка - да се поттикне професионалното и непристрасно вршење на функцијата, ослободена од влијанија од надвор, а раководена од јавниот интерес и вистината.

Почитувајќи ја правната сигурност и владеење на правото и ефикасност на кривичната правда, Јавното обвинителство во изминатиов период, успешно се справува со својата надлежност во борбата со криминалот и покрај недоволните капацитети во поглед на човечки, материјални и технички ресурси. И во овој извештај треба да се истакне дека Јавното обвинителство функцијата ја извршуваше во сложени околности поради пандемијата од корона вирусот Ковид 19.

## I. ПРАВНА ОСНОВА И НАДЛЕЖНОСТИ

### 1. Уставна положба и законска рамка на Јавното обвинителство

Јавното обвинителство во Уставот на Република Северна Македонија и во Законот за јавното обвинителство е дефинирано како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство ги извршува своите функции врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот кои се дел од домашниот правен поредок.

Јавнообвинителската функција ја извршуваат Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители. Заради објективно и професионално извршување на функцијата, јавниот обвинител не смее да членува во политичка партија или да врши друга јавна функција и професија. Исто така, Уставот изрично забранува политичко организирање и дејствување во Јавното обвинителство.

Согласно Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“број 150/2007) и Законот за изменување на Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ број 111/2008), кој беше на важност се до 30 јуни 2020 година кога стапи на сила новиот Закон за јавното обвинителство (Службен весник на РСМ бр.42/2020 од 16.02.2020 година) јавното обвинителство е организирано според принципите на хиерархија и субординација и тоа како Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, четири виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство

за гонење на организиран криминал и корупција и 22 основни јавни обвинителства.

Вишото јавно обвинителство Скопје е надлежно за 6 основни јавни обвинителства и тоа во Скопје, Куманово, Велес, Крива Паланка, Кавадарци и Гевгелија.

Вишото јавно обвинителство Битола е надлежно за 5 основни јавни обвинителства и тоа во Охрид, Прилеп, Битола, Ресен и Струга.

За 7 основни јавни обвинителства и тоа во Штип, Кочани, Струмица, Делчево, Свети Николе, Радовиш и Берово надлежно е Вишото јавно обвинителство Штип.

Вишо јавно овинителство Гостивар е надлежно за 4 основни јавни обвинителства и тоа во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција надлежно е за целата територија на државата и е со седиште во Скопје, а постапува пред Основиот кривичен суд Скопје.

## 2. Надлежност, задачи и обврски на јавното обвинителство и јавните обвинители

Надлежноста на јавните обвинители е определена во Уставот на Република Северна Македонија, во одредбите содржани во Законот за јавното обвинителство и Законот за кривична постапка, а делумно и со одредби од други закони.

Во посебна глава (6) во Законот за јавното обвинителство се уредени надлежностите на јавното обвинителство и јавните обвинители. Според овој закон Јавното обвинителство постапува во границите на својата стварна и месна надлежност - основните јавни обвинителства постапуваат пред основните судови, вишите јавни обвинителства пред апелационите судови, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал, додека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во рамките на меѓународните договори остварува непосредна соработка со јавни обвинителства од други држави, особено на планот на спречување и гонење на организираниот криминал и други тешки форми на криминал преку правна помош, непосредна размена на податоци, едукација, специјализација на кадри и други форми на соработка.

При остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и други казниви дела, јавните обвинители согласно овластувањата соработуваат и со Министерството за внатрешни работи и другите државни органи во чиј делокруг на работа е откривање на кривични дела и нивните сторители и на прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите.

Јавните обвинители раководат со предистражната и истражната постапка, а може да побараат да се стават на располагање овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа, имаат овластувања за издавање наредби за примена на посебни истражни мерки заради откривање на кривичното дело или негов сторител, доколку е неопходно можат сами да преземаат дејствија за кои со закон се овластени Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа.

Јавното обвинителство се грижи за законитоста на мерките и дејствијата преземени во

предистражната постапка и врши надзор над почитувањето на човековите права од страна на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и други државни органи.

Јавните обвинители одлучуваат за преземање или продолжување на кривично гонење за сторителите на кривични дела, поднесуваат барање за поведување прекршочна постапка, поднесуваат и застапуваат обвиненија пред судовите, изјавуваат редовни или вонредни правни лекови против судските одлуки. Во граѓанската и други судски постапки, како и во управната постапка, јавните обвинители преземаат правни дејствија за кои се овластени со закон.

При извршувањето на своите надлежности јавните обвинители имаат право да наредат доставување на податоци и известувања, документи, списи, предмети, банкарски сметки, како од државните органи, така и од други правни лица и граѓани за кои може основано да смета дека располагаат со такви податоци или информации. Исто така, јавните обвинители може да остваруваат консултации и да прибираат мислење од стручни лица од соодветна област, што се неопходни за донесување на соодветна јавнообвинителска одлука.

Според Законот за кривичната постапка, јавните обвинители ја водат истрагата, при што секојдневно се соочуваат со тешки, сложени и одговорни задачи. Во работењето неопходна е поддршката од стручните служби за успешно и професионално да ја извршуваат улогата што им е доверена, а која сè повеќе предизвикува интерес во јавноста.

Основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела. Во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и други казниви дела, јавниот обвинител согласно Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ број 150/10 бр.100/12) ги има следните права и должности:

-ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители,
-предлага или издава наредба за преземање на посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со закон,
-донесува наредба и спроведува истражна постапка,
-пронаоѓа, предлага и обезбедува докази, под услови и на начин определени со закон,
-предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација,
-одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определени со закон,
-предлага издавање на казнен налог под услови определени со закон,
-преговара и се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со закон,
-поднесува и застапува обвиненија пред надлежен суд,
-поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки,
-одлучува по жалба на оштетениот во случаи утврдени со закон, и
-презема и други дејствија утврдени со закон.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како дел од единствената хиерархиска структура на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е со месна надлежност за целата територијата на Република Северна Македонија, а постапува пред Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје. Согласно член 32 од Законот за Јавното обвинителство (Службен весник на РСМ бр.42/2020 од 16.02.2020 година), Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува:

- за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои

одреден временски период и дејствува со цел да се изврши едно или повеќе кривични дела за кое е предвидена казна затвор од најмалку четири години,

-за кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција согласно членот 33 став (1) од овој закон,

- за кривични дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 ст.3 кога се работи за меѓународна организирана група, Измама на штета на средства на Европската заедница од чл.249-а, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273, Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 5, Примање поткуп од чл. 357 ст.5, Давање награда за противзаконито влијание од чл.358-а, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359, Противправно стекнување и прикривање имот од чл.359-а, Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од чл.275-в, Злосторничко здружување од чл. 394 од Кривичниот законик,

-за кривични дела Давање лажен исказ од чл.367 ст.3 и 4, Спречување на докажување од чл.368, Попречување на правда од чл.368-а, Откривање на идентитет на загорзен или заштитен сведок од чл.369-а, Спречување службено лице во вршење службено дејствие од чл.382 од Кривичниот законик, ако овие дела се сторени во врска со постапки кои ги води Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,

-за кривични дела Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од чл.322-а, Здружување заради непријателска дејност од чл.324, Терористичка организација од чл. 394-а, Тероризам од чл. 394-б, Финансирање тероризам од чл.394-в, сите кривични дела против државата, Трговија со луѓе од чл. 418-а, Трговија со дете од чл. 418-г, за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од глава 34 Кривичниот законик, освен за кривичното дело Криумчарење мигранти од чл.418-б,

-за кривични дела од чл.218 Загадување на животната средина и природата, чл.218-а Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, чл.219 Загадување вода за пиење, чл.230 Загрозување на животната средина и природата со отпад, чл.231 Неовластено прибвaување и располагање со нуклеарни материи и чл.234 Тешки дела против животната средина и природата, од главата 22 Кривични дела против животната средина и природата од Кривичниот законик, доколку се сторени од организирана група, и

-за кривични дела од главата 24 Кривични дела против културното наследство и природните реткости од Кривичниот законик, доколку се сторени од организирана група.

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција функционира одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, кое со чл.33 од Законот за јавното обвинителство е преименувано во Специјализирано одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Ова Специјализирано одделение е надлежно да постапува за кривични дела кои се извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања и кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

Покрај четирите виши јавни обвинителства во Скопје, Битола, Штип и Гостивар функционираат и основни јавни обвинителства од кои 7 се со основна, а 15 со проширена надлежност.




## II. КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

### 1. Кадровска состојба

Човечкиот потенцијал е од голема важност за остварување на основните и стратешките

цели. Нивното планирање е клуч за успешно остварување на целите на секоја исчтитуција. Меѓутоа, неопходно е да се има предвид дека Јавното обвинителство се соочува со недостаток на човечки ресурси: недоволен број на јавни обвинители и на јавнообвинителски службеници, кои податоци понатаму подетално ќе ги анализираме.

### 1.1 Јавни обвинители

Советот на јавните обвинители со Одлука за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавните обвинители во јавните обвинителства, пропиша дека неопходни се 262 јавни обвинители во јавните обвинителства. Од предвидените места пополнети се вкупно 172, а треба да се пополнат уште 90 места на јавни обвинители.

Состојбата со пополнетите и непополнетите јавно обвинителски места согласно Одлуката:

| Обвинителство | Предвидени ЈО | Пополнети ЈО | Непотполнети ЈО |
|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | **15** | **8** | **7** |
| ***Виши јавни обвинителства*** | | | |
| ВЈО Скопје | **17** | **13** | **4** |
| ВЈО Битола | **8** | **5** | **3** |
| ВЈО Штип | **6** | **3** | **3** |
| ВЈО Гостивар | **8** | **4** | **4** |
| **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје** | **18** | **14** | **4** |
| ***Јавни обвинителства со проширена надлежност*** | | | |
| ОЈО Скопје | **67** | **50** | **17** |
| ОЈО Велес | **9** | **6** | **3** |
| ОЈО Куманово | **14** | **10** | **4** |
| ОЈО Битола | **9** | **7** | **2** |
| ОЈО Прилеп | **8** | **4** | **4** |
| ОЈО Охрид | **8** | **5** | **3** |
| ОЈО Струга | **5** | **4** | **1** |
| ОЈО Штип | **6** | **5** | **1** |
| ОЈО Струмица | **9** | **6** | **3** |
| ОЈО Кочани | **6** | **5** | **1** |
| ОЈО Тетово | **10** | **3** | **7** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОЈО Кавадарци | **5** | **4** | **1** |
| ОЈО Кичево | **5** | **2** | **3** |
| ОЈО Гевгелија | **4** | **2** | **2** |
| ОЈО Гостивар | **9** | **7** | **2** |
| ***Јавни обвинителства со основна надлежност*** | | | |
| ОЈО Крива Паланка | **3** | **0** | **3** |
| ОЈО Ресен | **2** | **1** | **1** |
| ОЈО Делчево | **2** | **1** | **1** |
| ОЈО Берово | **3** | **1** | **2** |
| ОЈО Радовиш | **2** | **1** | **1** |
| ОЈО Свети Николе | **2** | **0** | **2** |
| ОЈО Дебар | **2** | **2** | **0** |
| **ВКУПНО** | **262** | **172** | **90** |

Во колоната пополнети јавнообвинителски места дадени се податоците во кои јавни обвинителства во текот на годината функцијата ја извршувале обвинителите, а во рубриката непополнети места не е искажан бројот на јавните обвинители на кои функцијата им мирува.

Овие податоци покажуваат дека од предвидените со одлука на Советот на јавните обвинители 262 јавен обвинител функција извршуваат само 172 јавни обвинители што е помалку од две третини од предвидените места. Оваа состојба се должи на тоа што нема кандидати со завршена Академија за судии и јавни обвинители, а јавен обвинител може да се избира само од оние кои ја завршиле Академијата.

Во извештајната година Советот на јавни обвинители распиша и објави 3 огласи, на кои избрани се 12 јавни обвинители и тоа: Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гевгелија, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга, 5 јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје и 5 јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Со овие избори не е зголемен бројот на јавните обивнители, туку од постојните според принципот на кариера се унапредени како раководители или во повисоките јавни обвинителства.

Во 2021 година, Советот на јавни обвинители разреши 7 јавни обвинители од кои 6 поради исполнување на условите за старосна пензија, а еден по сопствено барање.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во функционалната анализа на капацитетите на јавното обвинителство, имајќи ги предвид одредбите на Законот за кривична постапка за водењето на истрагата и улогата на јавниот обвинител во кривична постапка, со кои се предвидува проширување на надлежностите на јавниот обвинител во постапката, утврди дека е потребно зајакнување на капацитетите на јавните обвинителства со јавни обвинители, јавнообвинителска стручна служба и технички персонал.

Во анализата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се утврдува дека е потребно зголемување на бројот на јавните обвинители на 274 распоредени по јавните обвинителства според следниов табеларен приказ:

| **Обвинителство** | **Потребен број јавни обвинители** | **Зголемување од** |
|---|---|---|
| **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | **15** | / |
| ***Виши јавни обивнителства*** | | |
| ВЈО Скопје | **19** | 2 |
| ВЈО Битола | **9** | 1 |
| ВЈО Штип | **6** | 1 |
| ВЈО Гостивар | **7** | 1 |
| **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје** | **17** | 4 |
| ОЈО Скопје | **71** | 9 |
| ОЈО Велес | **10** | 1 |
| ОЈО Куманово | **14** | 3 |
| ОЈО Битола | **12** | 3 |
| ОЈО Прилеп | **10** | 2 |
| ОЈО Охрид | **8** | / |
| ОЈО Струга | **5** | / |
| ОЈО Штип | **7** | 1 |
| ОЈО Струмица | **10** | 1 |
| ОЈО Кочани | **6** | / |
| ОЈО Тетово | **10** | / |
| ОЈО Гостивар | **9** | / |
| ОЈО Кавадарци | **5** | / |
| ОЈО Гевгелија | **5** | 1 |
| ОЈО Кичево | **5** | 1 |
| ***Јавни обвинителства со основна надлежност*** | | |
| ОЈО Крива Паланка | **2** | / |
| ОЈО Ресен | **2** | / |
| ОЈО Делчево | **2** | / |
| ОЈО Берово | **2** | / |
| ОЈО Радовиш | **2** | / |
| ОЈО Свети Николе | **2** | / |
| ОЈО Дебар | **2** | / |
| | | |
| **ВКУПНО** | **274** | **31** |

### 1.2 Јавнообвинителска стручна служба

Уредувањето на правата, должностите и одговорностите на лицата вработени во јавните обвинителства за вршење на стручни работи, како и дефинирањето на нивниот статус, регулирани се со посебниот Закон за јавнообвинителска служба (Службен весник на Република Македонија бр.62/2015). Меѓутоа, значајно е да се нагласи дека одредбите на Законот оневозможуваат вработување на неопходните кадри поради пропишаните услови што треба да ги исполнуваат пријавените лица на огласот. Поради тоа, неопходна е потребата од изменување и дополнување Законот за јавнообивнителска служба и овие одредби да се усогласат со законот во судска служба. Со тоа ќе се овозможи на огласите да се пријавуваат повеќе кандидати и да се изврши избот на најдобрите. Треба да се има предвид дека во извршувањето на функцијата на јавните обвинители само јавнообвинителските стручни соработници учествуваат со директно инволвирање во

извршувањето на јавнообвинителската фукнкција, и тоа преку постапување по конкретни јавнообвинителски предмети во сите стадиуми на постапката. Функцијата на јавнообвинителските стручни соработници не претставува само техничко изработување на одделен дел од постапката, туку претпоставува целосно инволвирање во донесувањето на крајната јавнообвинителска одлука.

Како државен орган, Јавното обвинителство претпоставува потреба од кадри кои со стручност при извршувањето на работните задачи ќе ја остваруваат неговата цел.

Другите вработени својот делокруг на работење го поврзуваат со логистичка поддршка за остварување на основната цел. Оваа дистинкција не претставува дерогирање на дел од вработените, туку дефинирање на основните, секундарните и терцијалните вработени кои учествуваат во процесот на функционално остварување на основниот работен процес во јавното обвинителство.

Меѓутоа, донесениот закон не ја отсликува правилно позицијата на сите вработени, а согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во јавното обвинителство, со кој врз донесена претходна Методологија за видот и бројот на вработените, практично се имплементираа одредбите од законот, бројот на работните места е утврден на 1.126, од кои 197 се раководни јавнообвинителски службеници, 21 се јавнообвинителски советници, 34 се виши јавнообвинителски советници, 65 се виши стручни јавнообвинителски службеници, 93 стручни јавнообвинителски соработници, 5 соработници во истражен центар и 60 помлади јавнообвинителски соработници, кои спаѓаат во групата на јавнообвинителски помошници.

Во состав на јавнообивнителската служба е и другата администрација, која извршува административни, технички, извршни, статистичко - аналитички, материјално-финансиски, информатички и други работи согласно со закон, чија бројка е утврдена на 33 советници, 40 соработници и 9 помлади соработници.

Во Правилникот се утврдени и лица кои извршуваат помошно-стручни работи и тоа 258 самостојни референти, 33 виши референти, 109 референти и 80 помлади референти, како и вработени кои вршат помошно технички работи и тоа: Одржувач на Електро инсталации/Електро инженер 1, Одржувач на машински инсталации/Машински инженер 1, Одржувач на моторни возила/Машински инженер 1, Работник за одржување на објекти и опрема 2, Главен портир 1, Портир 1, Шеф на возен парк 1, Возачи 30, Хигиеничари 40, Доставувачи 11.

Иако, во текот на 2021 година се вработени 57 службеници по пат на јавен оглас, а 29 по пат на превземање од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, кои најголем дел се од редот на предвидените работни места за стручни работи, пополнетоста на работните места во службата е на многу ниско ниво, односно пополнети се само 354 работни места, од вкупно предвидените 1.126. На пример, од предвидени 197 раководни јавнообвинителски службеници пополнети се само 11.

Вака високо изразена разлика во поглед на предвидените и пополнетите работни места постои и кај сите други видови работни места, а најмногу е изразено кај работните места на јавнобвинителски помошници, со што се доведува во прашање и успешноста на извршувањето на јавнообвинителската функција. Неповолниот однос во поглед на предвидените и пополнетите работни места исто така силно е изразен и во поглед на стручно-административните јавнообвинителски службеници и вработените кои вршат помошно-стручни работи. Непополнетоста на предвидените работни места согласно Правилникот за внатрешна организиација и систематизација на работните места во јавното обвинителство негативно се одразува во поглед на неговото секојдневното ивршувањ на функцијата, така што потребно е работните места да бидат пополнети.

Од вкупно предвидените 278 работни места на јавнообвинителски советници, виши јавнообвинителски советници, виши стручни јавнообвинителски соработници, стручни јавнообвинителски соработници и помлади јавнообвинителски соработници- јавнообвинителски помошници, пополнети се само 121 работни места, што значи дека процентуално е пополнето само 43,52%.

Анализираните податоци укажуваат на особено голем број на непополнети места на работно место јавнообвинителски помошник на ниво на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, ОЈО Скопје, ОЈО ГОКК и вишите јавни обвинителства. Така во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, од предвидените 22 јавнообвинителски помошници, се потполнети 11, од кои 1 е раководен јавнообвинителски помошник. Во ОЈО Скопје е најизразена непотполнетоста, бидејќи од предвидените 84, пополнети се само 27 работни места од редот на јавнообвинителските помошници, од кои се 2 раководни јавнообвинителски помошници. Во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција се планираните 20 јавнообвинителски помошници, се потполнети само 11, од кои 2 раководни јавнообвинителски помошници. Во Вишото јавно обвинителство Скопје се планирани 17 јавнообвинителски помошници, а се потполнети само 3. Во другите виши јавни обвинителства состојбата е следна: во Вишо јавно обвинителство Битола се планирани 11 јавнообивнителски помошници, а е потполнето само едно работно место; во Вишо јавно обвинителство Гостивар се планирани 12 јавнообивнителски помошници, а се потполнети 4 работни места; во Вишо јавно обвинителство Штип се планирани 10 јавнообвинителски помошници, а се потполнети само 2 работни места. Со оглед на тоа во вишите јавни обвинителства од планираните 50 јавнообвинителски помошници, се потполнети само 10 работни места. Во останатите основни јавни обвинителства се превидени 234 јавнообвинителски помошници, а се потполнети 66, од кои еден е раководител.

Моменталната состојба на систематизирани и пополнети работни места на јавнообвинителските помошници во јавните обвинителства е прикажана на следниов графикон:




Законот за јавнообвинителска служба пропишува работно место секретар во јавното обвинителство, меѓутоа од планираните 14, не е потполнето ниту едно работно место.

Со јавнообвинителската служба раководи Генералниот секретар во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**И во поглед на пополнетоста и застапеноста на работни места на административни службеници се констататира дека најголемиот број од овие работни места не се пополнети во повеќето јавни обвинителства.** Поради недостиг на административни службеници, еден вработен истовремено работи задачи и на уписничар, сметководител, записничар и доставувач. Ова од друга страна носи со себе голем број на ризици во однос на ефективното и ефикасното извршување на работните задачи.

Анализираните податоци укажуваат на особено голем број на непополнети места на работните места: стручно административни службеници, записничар, уписничар, сметководител и лица кои вршат помошно технички работи. Имено, во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија од предвидените 124 административни јавнообвинителски службеници се вработени 32, а од планираните 20 вработени кои вршат помошно технички работи вработени се 7. Во ОЈО Скопје од предвидените 89 административни јавнообвинителски службеници се вработени 43, а од планираните 7 вработени кои вршат помошно технички работи се вработени 2 Во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција од предвидените 34 административни јавнообвинителски службеници се вработени 17, а од планираните 4 вработени кои вршат помошно технички работи е вработен само еден. Во Вишото јавно обвинителство Скопје од предвидените 31 административни јавнообвинителски службеници се вработени 14, а од планираните 2 вработени кои вршат помошно технички работи се вработени 1. Во останатите виши јавни обвинителства состојбата е следна: во Вишо јавно обвинителство Битола од предвидените 20 административни јавнообвинителски службеници се вработени 6, а од планираните 2 вработени кои вршат помошно технички работи се вработени 2, во Вишо јавно обвинителство Гостивар од предвидените 21 административни јавнообвинителски службеници се вработени 7, а од планираните 3 вработени кои вршат помошно технички работи се вработени 2, а во Вишо јавно обвинителство Штип од предвидените 17 административни јавнообвинителски службеници се вработени 6, а од планираните 2 вработени кои вршат помошно технички работи нема вработени лица. Сред тоа на ниво на вишите јавни обвинителста се планирани 97 административни службеници и вработени кои вршат помошно технички работи, а вкупно се вработени 37 лица. Во другите основни јавни обвинителста од предвидените 288 административни јавнообвинителски службеници се вработени 87, а од планираните 46 вработени кои вршат помошно технички работи се вработени 7.

Моменталната состојба на систематизирани и пополнети работни места на административниот персонал, уписничари, записничари, сметководители во јавните обвинителства е прикажана на следниов графикон:



Сегашната состојба на систематизирани и пополнети работни места на вработени кои вршат помошно технички работи:




Овие податоци за човечките ресурси неспорно упатуваат на тоа дека неопходни се нови вработувања, а особено од лица од областа на информатичката технологија и тоа во сите обвинителства. Во јавното обвинителство преку ИПА фондовите инсталиран е во 2015/2016 година електронски систем за водење и менаџирање со предметите. Меѓутоа, неговото одржување и функционирање е отежнато поради недостаток на соодветен кадар од причина што во сите 28 единки се вработени само 5 информатичари. Успешност на овој систем ни оддалеку не може да се очекува доколку итно не се подобрат човечките ресурси со вработување на кадри од овие занимања. Исто така, треба да се нагласи потребата од редовно обучување и доедуцирање на постоечките човечки ресурси во јавнообвинителската служба.

## 2. Просторни капацитети

Од особена важност и значење за успешно работење на јавните обвинителства и доследна примена на Законот за кривична постапка е и состојбата со просторните капацитети на јавните обвинителства. Повеќе јавни обвинителства се сместени во судските згради.

И покрај тоа што во 2019 година се подобрени просторните услови на 11 основни јавни обвинителства, од кои две се преселија во други реновирани и комплетно опремени простории. Преку обезбедување нови простории или реновирање на постоечките, обезбедени се солидни услови за функционирање на половина од основните јавни обвинителства во земјава, меѓутоа неопходно е и во натамошниот период да се подобруваат просторните услови. Средствата за реновирање или за опремување на просториите за повеќето обвинителства се обезбедени од фондовите на Европската Унија.

Исто така, се очекува надминување на проблемот со просторните капацитети на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на кое со Одлука на Владата на Република Северна Македонија е доделен простор во стариот обејкт на Државниот архив на Република Северна Македонија.

Проблемот од недостаток на простор најизразен е во Основните јавни обвинителства во Тетово, Гостивар и Ресен. Меѓутоа, со чл.106 од Законот за јавно обвинителство од февруари 2020 година, пропишано е Владата на Република Северна Македонија на предлог на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да донесе Програма со определена висина на средства за изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на јавните обвинителства и ја утврдува нивната поблиска намена. Се очекува преку оваа Програма во иднина значително да се подобрат просторните услови на јавните обвинителства.

## III. БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно одредбите на Законот за јавното обвинителство, средствата за работа на јавните обвинителства се обезбедуваа од Буџетот на Република Северна Македонија, во делот за буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија со буџетски раздел 31010. Според тоа, сите виши и основни јавни обвинителства, како и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се финансираат преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и тоа од програмата 2 – Јавно овинителство, потпрограми 20 – Јавно обвинителство , 2А – Имплементација на ЗКП и 22- Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Буџетските плански проекции за потреби од средства за 2021 година, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги изрази во текот на 2020 година како единствена буџетска пресметка, изработена врз основа на пресметките доставени од основните јавни обвинителства, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, вишите јавни обвинителства и планските проекции на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Единствената буџетска пресметка која се однесува на сите единки корисници - јавните обвинителства како и образложението за висината и намената на бараните износи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ги достави до Министерството за финансии, во согласност со одредбите на Законот за буџетите.

Иако буџетот се проектира согласно потребите на секое јавно обвинителство - единка корисник, поодделно, континуирано се јавува несогласување помеѓу проекциите и одобрените наменски средства.

Почнувајќи од 2014 год. одобрените буџетски средства и покрај искористувањето на сите законски механизми (дозволени прераспределби во рамките на одобрениот буџет за соодветните години за Јавното обвинителство во максимален износ од 20% на соодветна расходна ставка), одобрениот износ на наменски буџетски средства континуирано не ги задоволува потребите. Оттука и за фискалната 2021 година Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се соочи со истиот проблем – недостиг на средства, со што се доведува во прашање вршењето на функцијата на јавното обвинителство утврдена со Уставот и законите.

Тука особено треба да се нагласи зголемената потреба од наменски средства која произлегува од преминувањето на истрагата во надлежност на јавниот обвинител од декември 2013 година, а пред се во смисла на потребни средства за преземени дејства во врска со истрагата, односно средства

потребни за алиментирање на трошоците сторени во кривичната постапка кои се обезбедуваат во рамки на расходната категорија 42 - стоки и услуги, расходна ставка 425 - договорни услуги. Во прилог на наведеното говори и фактот дека по истекот на секоја година и покрај максималните напори за обезбедување и дообезбедување наменски буџетски средства, кај јавните обвинителства се јавуваат преземени, а неисплатени обврски во вкупен износ од околу 40.000.000,00 денари утврден по изготвувањето на Консолидираната годишна сметка, чиј законски рок за доставување до надлежните инстанци во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници е 31.03. во тековната за претходната фискална година.

Имено, за алиментирање на трошоците сторени во кривичната постапка на годишно ниво се потребни околу 150.000.000,00 ден., кои поради континуираното необезбедување за извештајната 2021 година изнесуваа околу 250.000.000,00 ден и беа побарани со Буџетскиот циркулар, но и покрај тоа по имплементацијата на последните измени и дополнувања на буџетот за буџетскиот корисник во 2021 година, средствата за оваа намена изнесуваа вкупно 100.610.000,00 ден. и фактот дека секоја наредна година овој недостаток на средства се зголемува поради долгот пренесен од претходните години, предвид горенаведеното повеќе од очигледно е дека со недоволно обезбедените финансиски средства се доведува во прашање вршењето на функцијата на јавното обвинителство утврдена со Уставот и законите.

Преземањето на истрагата во надлежност на Јавното обвинителство, односно преземањето на дејства во врска со истрагата, директно се одразува и на другите сегменти од работењето на Јавното обвинителство предизвикувајќи зголемување на потребите од средства и нужноста за одржување на континуитет во нивното обезбедување, а во поглед на:

-зајакнување на кадровските капацитети, како во поглед на потребата од зголемување на бројот и избор на нови јавни обвинители и потребата од нови вработувања, така и од аспект на континуирани обуки на јавните обвинители и јавнообвинителските службеници кои и во услови на пандемија предизвиканна од вирусот КОВИД-19 се одржуваа on-line, како на локално ниво, така и во меѓународни рамки,

-материјалните средства за тековно работење, односно стоки и услуги,

-обезбедување на соодветен простор за сместување на јавните обвинителства,

-соодветно опремување на јавните обвинителства со потребниот мебел; информатичка опрема и инфраструктура; софтверски решенија; возен парк кој одговара на потребите на јавното обвинителство со што ќе се овозможи непречено вршење на јавнообвинителската дејност како од фунционален, така и од безбедносен аспект.

Имајќи ја предвид обврската и заложбата за соодветно сместување и опремување на јавните обвинителства, фактот дека Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишото јавно обвинителство Скопје и Основното јавно обвинителство Скопје се сместени во објектот на Кеј Димитар Влахов бр. 23, Скопје во вкупна површина од околу 11.000 м2, кој располага со вградена опрема и инсталации за кои гарантниот рок истече во 2015 година и со дополнително набавен мебел и опрема, континуираното оддржување на објектите и почитувањето на законските обврски наметнува дополнителна потреба од наменски средства за:

-тековно одржување на градежните објекти, вградената и останата опрема, инсталациите и возниот парк,

-осигурување на недвижности, опрема и возила,

-зголемени износи на комунални услуги,

-одржување на градежни објекти.

Со цел обезбедување на соодветен простор за сместување на обвинителствата за кои тоа беше

најпотребно, се изврши реконструкција и адаптација на локации каде дотогаш без сместени, односно се утврдија, доопремија и преадаптираа нови објекти или делови на објекти за вкупно 12 основни јавни обвинителства. Со тоа, по завршување на админиистративните процедури за впишување на јавните обвинителства како нови корисници на деловните објекти, се појавија нови финансиски имплицикации во делот на комуналните услуги и обврските за одржување на овие објекти заедно со опремата.

Од вкупно бараниот износ од 972.008.000,00 денари, кој е побаран со буџетскиот циркулар, одобрениот износ на буџетот за Јавнто обвинителство на Република Северна Македонија на почетокот на 2021 година изнесува 568.950.000,00 денари односно 58,53%, кој процент подоцна е малку зголемен бидејќи со ребалансот на буџетот се одобрени 571.416.000,00 денари, што во однос на првобитното барање изнесува 58,79%.

**ГРАФИЧКА АНАЛИЗА НА БАРАН И ОДОБРЕН БУЏЕТ НА 31.12.2021 ЗА 2021 ГОДИНА**




Податоците во врска со процентот на искористеност на буџетот за буџетскиот корисник Јавно обвинителство на Република Северна Македонија за 2021 година по сите негови измени и дополнувања укажуваат дека од вкупно одобрениот износ се реализирани средствата во 94,25% и овој процент би бил и зголемен доколку ја изоставаме програма 22, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал корупција, чија реализација изнесува 77,04 %.

Овие податоци, покрај оние изразени во годишните сметки на единките корисници кои ги доставија до буџетскиот корисник со цел изготвување на консолидираната годишна сметка согласно закон, се базираат и на основа на спецификациите на расходи за период од 01.01.до 31.12.2021 година прибавени како електронски записи од веб страната на Министерството за финансии во рамките на кои се имплементирани сите измени на буџетот од првоодобрениот. Треба да се имаат предвид сите измени предизвикани од акти донесени од страна на надлежните институции во РС Македонија, но и оние кои се должат на одобрените барања за прераспределби за обезбедување на потребни наменски буџетски средства доставени од страна на самиот буџетски корисник врз основа на чл. 33 од Законот за буџетите и неговите измени и дополнувања.

Врз основа на претходните наводи, дадени се графички прикази на движењето на буџетските

средства по програми, расходни категории и обвинителства.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ОДОБРЕН БУЏЕТ ЗА 2021 ГОДИНА ПО ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПОТПРОГРАМИТЕ**




**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ОДОБРЕН БУЏЕТ ЗА 2021 ГОДИНА ПО ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА КАТЕГОРИИТЕ**




-Категорија 40 одобрени наменски буџетски средства за исплата на плати и надоместоци од плати на ниво на буџетски корисник - 66%;
-Категорија 42 одобрени наменски буџетски средства за набавка на стоки и услуги на ниво на буџетски корисник - 29%;

-Категорија 46 одобрени наменски буџетски средства за разни трансфери (отпремнини, посмртни трошоци, еднократен надоместок за боледување подолго од 6 месеци, исплата по судски пресуди, извршни решенија и други видови трансфери) – 2%;
-Категорија 48 одобрени наменски буџетски средства за набавка на капитални расходи – 3%.

**1. Процентуално учество на наменски буџетски средства трансферирани на сметките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија како корисник од второ ниво, сите виши, основни јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал**

| | ОБВИНИТЕЛСТВО | % ЗАСТАПЕНОСТ ВО БУЏЕТ |
|---|---|---|
| 1 | Јавно Обвинителство на РСМ | 15,84 |
| 2 | ВЈО Битола | 2,21 |
| 3 | ВЈО Скопје | 4,26 |
| 4 | ВЈО Штип | 1,70 |
| 5 | ОЈО Берово | 0,35 |
| 6 | ОЈО Битола | 2,85 |
| 7 | ОЈО Гевгелија | 1,57 |
| 8 | ОЈО Гостивар | 3,81 |
| 9 | ОЈО Дебар | 0,90 |
| 10 | ОЈО Делчево | 0,58 |
| 11 | ОЈО Кавадарци | 2,48 |
| 12 | ОЈО Кичево | 2,10 |
| 13 | ОЈО Кочани | 2,37 |
| 14 | ОЈО Крива Паланка | 0,43 |
| 15 | ОЈО Куманово | 5,06 |
| 16 | ОЈО Охрид | 3,18 |
| 17 | ОЈО Прилеп | 2,61 |
| 18 | ОЈО Радовиш | 0,65 |
| 19 | ОЈО Ресен | 0,56 |
| 20 | ОЈО Св.Николе | 0,32 |
| 21 | ОЈО Скопје | 23,74 |
| 22 | ОЈО Струга | 1,86 |
| 23 | ОЈО Струмица | 3,15 |
| 24 | ОЈО Тетово | 3,55 |
| 25 | ОЈО Велес | 3,15 |
| 26 | ОЈО Штип | 2,36 |
| 27 | ОЈОза ГОКК | 2,36 |
| 28 | ВЈО Гостивар | 2,71 |

Од почетокот на 2021 година, согласно чл. 100 ст.3 и чл. 102 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и покрај тоа што останува единка корисник во рамките на буџетскиот корисник Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, во вкупниот буџет за буџетскиот корисник учествува со средства позиционирани на посебна потпрограма - 22, а чиј износ го предлага ова јавно обвинителство во рамките на буџетскиот циркулар.

Од погоре презентираните податоци, може да се констатира дека, како и во претходните

години, бараните буџетски средства за 2021 година беа одобрени во износ кој едвај надминува половина од потребите за нормално, непречено и непристрасно вршење на јавнообвинителската функција, за да до крајот на фискалната година овој износ да биде приближно 50%, во однос на бараниот.

Следејќи ја структурата на буџетот одобрен за буџетскиот корисник Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, воочливо е дека скоро ¾ од него се однесуваат на плати, придонеси од плати и надоместоци од плати утврдени согласно закон. Но и покрај тоа, потребно е да се потенцира и околноста дека земајќи го предвид законското право за исплата на додатоци на плата за работење во посебни услови за работа, висок ризик и доверливост, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителската служба “Службен весник на РМ бр. 231/15” и Законот за изменување и дополнувања на законот за плати на јавните обвинители “Службен весник на РМ бр. 231/15”, во кои е определено правото за исплата на овие додатоци во рамките на платата како дел од основната плата, кумулативно до 35%, со обезбедената маса наменски буџетски средства, Јавното обвинителство не е во можност да го исплати износот на додатоците предвиден со законот. Ова натаму се реперкуира со тужби пред надлежен суд, кои по судската разрешница и носење правосилна пресуда се ефектуираат во исплата на неисплатените додатоци на тужителите до максималните, но и пресметка и исплата на законска казнена камата, подмирување на судските трошоци, како и трошоците на извршување.

Врз основа на наведено, основано може да се констатира дека буџетот на јавното обвинителство на Република Северна Македонија нема развојна компонента.

**2. Спроведени постапки и реализирани договори за јавни набавки**

Во однос на искористувањето на одобрените буџетски средства, со спроведени постапки и реализација на договори за јавни набавки на стоки и услуги наменети за тековното работење за кои средствата се обезбедени од расходната категорија 42 - стоки и услуги и тоа за: набавка на авиобилети за службени патувања во странство; набавка на услуги за сместување; горива и масла за службени ПМВ; канцелариски материјали и тонери и др. АОП материјали; материјали за одржување на хигиената; поправка на службени ПМВ; набавка на папки, пликови, уписници и статистички извештаи; одржување на вградени системи во објектот Петре Пирузе, во кој се сместени Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишо јавно обвинителсто Скопје и Основно јавно обвинителство Скопје, и тоа - лифтови, систем за ладење/греење, машинска сала, аудио-визуелни системи; набавка на филтри за клима комори и друго. Освен кај набавките кај кои е предвидена испорака на услугата на месечно ниво, а кои главно се однесуваат на услугите за одржување на системите вградени и поставени во објектот на Кеј Димитар Влахов бр. 23 Скопје во кој е сместено Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишото јавно обвинителство Скопје и Основното јавно обвинителство Скопје, како и набавките за стоки и услуги за комуналии, комуникација и транспорт, особено набавката на електрична енергија и други комунални услуги, телефонија, поштенски услуги и други услуги за комуникација, најголемиот дел од склучените договори по спроведени јавни набавки се реализирани во целост.

Земајќи ја предвид и околноста дека заради пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19 одреден број економски оператори со кои беа склучени договори по спроведени јавни набавки не беа во можност за нивна материјална реализација делумно или во целост, така што нивната финансиската реализација ја следеше динамиката на испорака на стоки и услуги од страна на економските оператори.

Во однос на планираните јавни набавки за капитални вложувања, а согласно ”ТОЧКА 13” од Заклучокот од Триесет и третата седница на Владата, одржана на 2 април 2020 година, тие беа забранети во контекст на рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од

епидемијата со Коронавирус - COVID-19. Со оглед на тоа вкупната маса одобрени наменски буџетски средства за капитални вложувања на расходната категорија 48, беа повлечени од буџетот на Јавното обвинителство на Република Северна Маккедонија, следствено на што не беа спроведени јавни набавки од оваа категорија.

Потребно е да се истакне и фактот дека иако преку ИПА фондовите на јавното обвинителство како донација му се доделува на трајно користење опрема и софтвери за следење на предмети, интероперабилност и за друга намена, по истекот на гарантниот рок во рамките на кој институциите кои ја вршат набавката не ја доставуваат сметководствената документација, невозможно е да се предвиди во рокот предвиден за достава на буџетското барање за следната година износот на средства потребен за одржување на опремата и софтверите. Искуството упатува на тоа дека одржувањето на една софтверска апликација чини околу 6.000.000,00 ден. или околу 10.0000 евра, што исто така предизвикува сериозни финансиски импликации кои навреме не можат да бидат предвидени. Ова и во фискалната 2021 година и годините што претходеа, претставува само еден од финансиските проблеми со кои се соочува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Како поткрепа на наведеното оди во прилог и фактот дека согласно чл. 101 од Законот за јавното обвинителство буџетот треба да изнесува 0,4% од буџетот за тековната година, меѓутоа и покрај буџетското барање кое беше доставено како конечно до Министерството за финансии чиј износ се вклопува во законски утврдениот процент, одобрениот буџет за 2021 година повторно изнесува околу половина од барањето, односно 0,2567%.

## IV. ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се грижи и презема дејствија за обезбедување на потребната ИТ опрема, друга техничка опрема и подобрување на материјалните услови за работа на јавните обвинителства. За таа цел, во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија функционира Одделение за јавни набавки. Во текот на 2021 година се спроведени повеќе јавни набавки, и покрај тоа што создадени се услови секој јавен обвинител да работи на компјутер и печатар, неопходно е да се замени дотраената ИТ опрема на поголем број на јавнообвинителската служба. Секое јавно обвинителство располага со скенер за електронскиот систем за водење на уписници и скенер за брза достава на списи по електронски пат.

Во насока на зајакнување на капацитетите на обвинителството, неопходно е не само обновување туку и подобрување на опремата и материјалните услови за работа. Особено ако се има предвид дека без соодветна опрема, јавните обвинители не се во можност целосно да одговорот на потребите за спроведување на постапките. Денес, со голем напор се реализираат увидите на лице место, користењето на техничката опрема, а најмногу нејзиното одржување. Во 2020 година не е вршено набавување на опрема, бидејќи определените средства за таа намена се вратени во Буџетот, заради состојбата со Ковид – 19.

## V. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКА АКТИВНОСТ

Јавното обвинителство законската обврска не ја исцрпува само преку постапувањето во областа на предметната активност, туку ги следи и проучува општествените односи и појави од интерес за остварување на јавнообвинителската функција.

Во текот на 2021 година, јавното обвинителство остварувањето на вонпредметните

активности ги вршеше континуирано со следење и согледување на општествените односи и појави од непосреден интерес за остварувањето на јавнообвинителската функција.

Целта на таквите активности, беше согледување на проблемите кои имаат негативен однос врз остварувањето на прогонот на извршителите на кривични и други казниви дела, насочување на активностите кон превентивно делување и координирано настапување на органите за откривање во попречувањето на криминално и незаконито работење на одредени субјекти во општеството.

Согласно со програмата за работа на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во текот на 2021 година заедно со вишите јавни обвинителства, не се извршени контроли над работата на сите основни јавни обвинителства, затоа што се почитуваа здравствените услови на Ковид – 19.

## VI. ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021 година примени се 25 барања на кои е позитивно одговорено. Одбиени, отфрлени или неодговорени барања нема, ниту е вложена жалба.

Во 2021 година поднесени се 523 поднесоци, и тоа 260 поднесоци од физички лица, 54 поднесени од правни лица и 209 поднесоци од основните јавни обвинителства, од вишите јавни обвинителства и од други органи и институции. Од поднесоците дел се кривични пријави кои се доставени на надлежност на основните јавни обвинителства со барање Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, да биде информирано за постапувањето по пријавите.

Поднесоците во најголем број случаи се однесуваат на постапувањето по определени предмети од страна на обвинителствата и судовите, на одлуките за отфрлање на кривичните пријави од основните обвинителства, или пак, на неажурно постапување по поднесени кривични пријави. Поднесоците со укажувања се доставени на постапување на надлежните основни јавни обвинителства или на вишите јавни обвинителства заради проверка на наводите со барање Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да биде известено за исходот од постапките. По добиените известувања од обвинителствата, информирани се подносителите на поднесоците.

## VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На 21 јуни 2021 година Јавниот обвинтел на Република Северна Македонија учествуваше на Балкански форум на јавните обвинители кој се одржа во Софија на тема „ Улогата на јавното обвинителство за воспоставување на владеење на прво „ .

На покана на Генералниот јавен обвинител на Руската федерација, Јавниот обвинител и делегација од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија од 6 до 9 јули 2021 година учествуваше на меѓународната конференција на Шефовите на јавните обвинителства на европските земји во Санкт Петрербург на тема „ Улогата на јавното обвинителство во заштита на индивидуалните права и јавниот интерес согласно одредбите на Европската коивенција за заштита на човековите права, на која Јавниот обвинител на Република Северна Макеоднија имаше свое излагање.

Од 31 август до 4 септември 2021 година во Анкара на покана на Јавниот обвинтел на

Република Турција и Претседателот на Врховниот суд на Република Турција , Јавниот обвинител на Република Северна Македонија учествуваше на свеченото отварање на судската година и на меѓународен симпозиум во Високиот апелационен суд во Република Турција .

На 21 и 22 октомври 2021 година Јавниот обвинител на Република Бугарија беше во работна посета на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на која се дискутираа можностите за унапредување на соработката во сите области а главниот фокус на средбата беше борбата против организираниот и прекуграничниот криминал . На состанокот се разгледуваа можностите и потребите за евентуална измена на Меморандумот за соработка меѓу двете обвинителства и се разменија искуства за правните норми во двете земји кои се однесуваат на постапување по предмети против тешкиот и организиран криминал.

На 21 декември 2021 година Јавниот обвинител на Република Северна Македонија имаше онлајн обраќање на Меѓународна конференција за правосудни реформи организирана од Јавното обвинителство на Република Бугарија на тема „ Судска реформа , специјализирано правосудство„ на која се потенцираше важноста на меѓународната соработка, но и за специјализација на јавните обвинители кои постапуваат против тешки кривични дела во борбата против организираниот и тежок криминал.

## VIII. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И СТРУЧНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Со цел ефективно спроведување на јавнообвинителската функција, јавните обвинители во текот на 2021 година продолжија преку Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија, да посетуваат или со оглед на состојбата со Ковид-19 да учествуваат он лајн повеќе обуки на тема:

- Спроведување на мерките за следење на комуникациите,
- Меѓународна соработка и взаемна правна помош при одземање имот,
- Конфискација на имот и одземање на предмети, постапувањето со одземен имот по правосилни кривични и прекршочни пресуди,
- Еднаквост на оружјата во сите фази на кривичната постапка,
- Напредни техники на интервјуирање за водење истрага,
- Меѓународно правен аспект на борба против корупцијата,
- Чл. 4 од Протоколот 7 на ЕКЧП (забрана на двојно судење) - начело на ne bis in idem,
- Права на деца жртви на кривични дела со посебен акцент на мерките на процесна заштита на децата жртви,
- Директно, вкрстено и дополнително испитување, приговори и овластувањата на судот во доказната постапка,
- Кривична одговорност за лекарска грешка,
- Меѓународна правна помош во кривична материја - Правна помош, Пренос на казнени постапки и Трансфер на осудени лица,
- Вештачења, супервештачења, технички советници и практични проблеми во врска со нив во кривичната постапка,
- Даночно затајување и даночни измами,
- Улогата на жените и важноста од имплементацијата на Резолуцијата 13/25 на ООН,
- Примена на Законот за бесплатна правна помош и Законот за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство,
- Кривична одговорност на правни лица и извршување на санкции над правни лица,
- Практична примена на одредбите од Истанбулската конвенција.

Искуствата кои јавните обвинители ги стекнуваат на обуките имаат голема вредност и се од особено значење во секојдневното извршување на јавнообвинителската функција. Обвинителите учествуваа и на повеќе работилници, семинари, тркалезни маси и други форми на едукација и обука, при што јавните обвинители се јавуваат како предавачи и активни учесници со свои тематски излагања.

## IX. ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Обезбедување на транспарентноста во работењето беше една од клучните задачи заЈавното обвинителствои во текот на 2021 година. Прекуо бјавување на редовни соопштенија и одговори на новинарски прашања, медиумите на дневна основа добиваат увид во текот на постапките кои се водат во јавните обвинителства, а кои се од интерес на јавноста.

Во однос на пандемиската 2020 година, кога имаше повеќе објави поврзани со почитувањето на здравствените мерки во рамките на прогласената вонредна состојба, во 2021 година се забележува одредено намалување, односно објавени се вкупно 533 соопштенија. Сепак, бројката на објавени соопштенија е повисока од годините пред прогласувањето на пандемијата, што укажува на еден континуиран воспоставен тренд на зголемување на свеста во јавните обвинителства за неопходност од транспарентност во нивната работа.

| Година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објавени соопштенија | **73** | **138** | **168** | **117** | **234** | **446** | **836** | **533** |

Споредбата на бројот на објавени соопштенија по месеци во 2021 година, повторно укажува дека интензитетот на објавите бил поголем во првата половина од годината, кога обвинителствата се уште се соочуваа со поголем број предмети против сторители на кривичните дела Пренесување на заразна болест од член 205 и  Непостапување според здравствени прописи за времен аепидемија  од член 206 од Кривичниот законик.




Од вкупниот број објавени соопштенија, 222 соопштенија односно 41,6% се од Основното

јавно обвинителство Скопје.

Иако бројот на објавени соопштенија во 2021 година е нешто помал во однос на 2020 година, релаксирањето на дел од противпандемиските мерки придонесе за поголема отвореност на Јавното обвинителство преку другите канали на комуникација. Така, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и повеќе други јавни обвинители преку изјави за медиумите и интервјуа ја информираа јавноста за тековните состојби во обвинителството и за постапувањето во определени конкретни предмети.

Така, на 26 март, Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, одржа прес-конферецица на која ги информираше медиумите и јавноста за деталите од предметот под назив „Планина". Интензитетот на јавни настапи беше особено голем во ноември 2021 година, по трагичната автобуска несреќа во Република Бугарија, кога Јавниот обвинител на Република Северна Македонија одржа две прес конференции и имаше повеќе изјави и интервјуа за домашни и странски медиуми за текот на истрагата. Изјави и интервјуа даваа и надлежните обвинители во предметот. Во ноември 2021 година Јавниот обвинител учествуваше на регионалната отворена дебата „Дигитално правосудство – нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем", што се одржа во Скопје.

Во текот на спроведувањето на Локалните избори во 2021 година во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија функционираше привремена Комисија за следење на евентуални нерегуларности што би биле сторени при организирањето и спроведувањето на изборниот процес. Комисијата, во текот на целиот изборен циклус, на својата електронска адреса прибираше претставки од институции, граѓански организации, политички партии и граѓаните воопшто, кои се однесуваа на сомненија за сторени кривични дела поврзани со изборите. За потребите на комисијата, беа следени објавите во медиумите, детектирани евентуалните изборни нерегуларности и беа доставувани известувања за натамошно постапување. Во текот на изборниот процес јавноста во континуитет беше информирана за предметите кои беа отворени во обвинителствата за незаконитости поврзани со изборниот процес.

## X. ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ И ПОСТАПКИТЕ ПО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Основните јавни обвинителства, во текот на 2021 година постапуваа по новопримени кривични пријави против вкупно 30.566 сторители на кривични дела, од кои против 20.975 полнолетни, против 1.210 деца и против 8.381 непознати сторители на кривични дела, но и по 14.839 незавршени предмети на крајот од 2020 година. Според тоа, основните јавни обвинителства во текот на извештајната 2021 година постапуваа против вкупно 45.405 сторители на кривични дела.

Од вкупно 45.405 пријавени лица за кривични дела, 35.733 се полнолетни. Од нив за 20.975 сторители кривичните пријави примени се во 2021 година, а 14.758 предмети за лица кои во 2020 година биле во работа кај други органи или во работа кај јавните обвинители.

Од вкупно пријавените 45.405 сторители на кривични дела во 2021 година, 1.291 се деца и тоа за 1.210 деца сторители на кривични дела пријавите се примени во 2021 година, а се постапуваше и во предмети од претходните години за 81 дете.

Во 2021 годинина од вкупно пријавените 45.405 сторители на кривични дела, 8.381 се однесуваат на непознати сторители на кривични дела. Во обвинителствата од претходните години има голем број на предмети со непознати сторители на кривични дела, чиј вкупен број на крајот на 2020 година е 78.039 лица. Со оглед на тоа што предметите со непознати сторители на кривични

дела се товар кој со години се пренесува и зголемува, и каде се преземаат дејствија пред се за откривање на сторителите, натамошната анализа за работењето на јавното обвинителство од аспект на процентуално пресметување на преземени дејствија и анализа на појави, не ја опфаќа бројката на предмети со непознати сторители на кривични дела.

Табеларен преглед на сторители на кривични дела по кои постапуваа обвинителствата во 2021година

| | Пристигнати пријави во 2021 | Префрлени во работа од 2020 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Полнолетни сторители | 20.975 | 14.758 | 35.733 |
| Деца | 1.210 | 81 | 1.291 |
| Непознати сторители | 8.381 | 78.039 (од претходните години кои не се предмет на статистичка обработка во извештајот) | 8.381 |
| Вкупно | 30.566 | 14.839 | 45.405 |

Споредбата на податоците од 2021 година со оние од 2020 и 2019 година, покажува дека иако има зголемување на бројот на бројот на сторители на кривични дела во 2020 година во однос на претходната 2019 година, во 2021 година има благо намалување на извршители на кривични дела на годишно ниво.

Табеларен преглед на сторители на кривични дела по години

| **Сторители на кривични дела** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|
| **Полнолетни** | 19.078 | 22.717 | 20.975 |
| **Деца** | 1.078 | 1.254 | 1.210 |
| **Непознати** | 9.577 | 8.193 | 8.381 |
| **Вкупно:** | **29.733** | **32.164** | **30.566** |

## 1. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ

### 1.1. Постапување на основните јавни обвинителства

Основните јавните обвинителства во текот на 2021 година постапувале против 35.733 полнолетни сторители на кривични дела. Според податоците, намален е бројот на постапки на подрачјата на сите јавни обвинителства, односно забележливо е намалување на бројот на сторители на кривични дела во однос на претходните години во основните обвинителства од подрачјата на сите виши јавна обвинителства. Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое постапувало по кривични пријави против 973 полнолетни сторители на кривични дела, за 279 полнолетни лица постапката се водела во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Табела за постапки против полнолетни сторители

| **Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 18.674 | 19.678 | 19.288 |
| **Битола** | 5.545 | 6.405 | 6.133 |
| **Штип** | 3.398 | 4.583 | 3.374 |
| **Гостивар** | 5.848 | 7.129 | 5.965 |
| **ОЈО ОКК** | 862 | 593 | 973 |
| **Вкупно:** | **34.327** | **38.388** | **35.733** |

## 1.2. Подносители на кривични пријави

Во текот на извештајниот период, од поднесените кривични пријави против 20.975 полнолетни сторители на кривични дела, најмногу односно против 15.350 лица или 73,2 % кривични пријави поднело Министерството за внатрешни работи. Граѓаните поднеле кривични пријави против 2.413 лица или 11,5 %, другите државни органи 1.114 или 5,3 %. Значителен е бројот на постапки по допрен глас, односно по сопствена иницијатива на јавното обвинителство кој во 2021 година од вкупниот број на пријавени лица во 3,4% случаи отворило постапки. Постепеното зголемувањето на бројот на постапки отворени по сопствена иницијатива на јавното обвинителство, покажува дека јавното обвинителство постојано ги следи настаните, објавите во печатените и електронските медиуми и во случаите во кои ќе оцени дека постојат основи на сомнение за сторено кривично дело, а кое не е пријавено, врз основа на овластувањата дадени со закон, по сопствена иницијатива поведува постапки.

| **ВЈО** | **Вкупно пријави по лица** | **Подносители** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **МВР** | **Граѓани** | **Правни лица** | **Други државни органи** | **Иницијатива на ЈО** | **Други** |
| **Скопје** | 10.032 | 7.340 | 1.269 | 558 | 659 | 151 | 55 |
| **Битола** | 3.998 | 2.865 | 534 | 197 | 140 | 138 | 124 |
| **Штип** | 3.073 | 2.297 | 373 | 69 | 125 | 120 | 89 |
| **Гостивар** | 3.228 | 2.669 | 233 | 103 | 68 | 129 | 26 |
| **ОЈО ГОКК** | 427 | 137 | 2 | 9 | 103 | 174 | 2 |
| **ОЈО ГОКК Спец.одд.** | 217 | 42 | 2 | / | 19 | / | 154 |
| **Вкупно** | **20.975 100%** | **15.350 73,2%** | **2.413 11,5%** | **936 4,5%** | **1.114 5,3%** | **712 3,4 %** | **450 2,1%** |

## 1.3. Постапување по кривични пријави

### Обем и ажурност

Постапувајќи против вкупно 35.733 лица, основните јавни обвинителства решиле кривични пријави против 22.426 лица или 62,8%, а на крајот на годината останале во работа кај други органи или во работа кај јавните обвинители кривични пријави против 13.307 лица или 37,2%. Ако се има во вид податокот дека на крајот на 2021 година останале нерешени 14.839 предмети, неспорно се заклучува дека Јавното обвинителство и покрај тоа што функцијата ја извршува со намален број на јавни обвинители, не само што го совладува приливот на нови предмети туку и го намалува бројот на нерешени предмети на крајот на годината.




Обемот и ажурноста по подрачјата на вишите јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје за постапувањето по кривичните пријави против полнолетни сторители е следната:

На подрачјето на Вишо јавно обвинителство Гостивар се постапувало против вкупно 5.965 лица, од кои 3.228 пријавени во извештајната година, а против 2.737 лица од претходната 2020 година. Основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар донеле одлуки против вкупно 3.565 лица или 59,8 %, а во работа останале кривични пријави против 2.400 лица или 40,2%, што значи дека е намален заостатокот на нерешени кривични пријави.

На подрачјето на Вишо јавно обвинителство Штип се постапувало против 3.374 лица, од кои 3.073 лица од извештајната година, а 301 лице од претходниот период. На ова подрачје основните јавни обвинителства на крајот од годината донеле одлуки против 3.158 лица или 93,6 % од вкупниот број на кривични пријави по лица, односно на крајот од годината останале во работа кривични пријави против 216 лица или 6,4 %. овие податоци укажуваат дека основните јавни обвинителства на ова подрачје се целосно ажурни.

Основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишо јавно обвинителство Битола постапувале против 6.133 лица, од кои 3.998 пријавени во извештајната година и 2.135 останати во работа од претходната година. Во 2021 година биле решени предмети против 3.912 лица или 63,8%, а во работа останале кривични пријави против 2.221 или 36,2%. Овие податоци укажуваат на благо зголемување на нерешени кривични пријави што во основа се должи на нецелосната екипираност со јавни обвинители.

На подрачјето на Вишо јавно обвинителство Скопје во текот на извештајната 2021 година во работа биле кривични пријави против вкупно 19.288 лица, од кои 10.032 новопријавени лица и против 9.256 лица кои останале во работа на крајот од 2020 година. Од вкупната бројка на постапување на ова подрачје на крајот од годината основните јавни обвинителства решиле пријави против 11.136 лица или 58,7 %, а останале во работа кривични пријави против 8.152 лица или 42,3 %. Значајно е да се истакне дека јавните обивнителства на ова подрачје покажуваат благо зголемување на ажурноста и намалување на бројот на нерешени кривични пријави.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на извештајната година постапувало против 694 полнолетни сторители од кои 427 новопријавени и 267 лица од претходната година. Решени се кривични пријави против 447 лица или 64,4 %, а во работа на крајот од годината останале кривични пријави против 247 лица или 35,6 %. И кај ова јавно обвинителство незначително е намален бројот на нерешени кривични пријави.

Специјализирано одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција кое постапува во рамките на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на извештајната година постапувало против 279 лица полнолетни сторители од кои 217 новопријавени и 62 лица од претходната година. Решени се кривични пријави против 208 лица или 74,5 %, а во работа на крајот од годината останале кривични пријави против 71 лице или 25,4 %.

Податоците за процентот на решени предмети и предмети кои се во работа, во 2021 година, по подрачја на виши јавни обвинителства искажани во графикон:




Анализирајќи ги искажаните податоците во графиконот може да се забележи дека на крајот на годината најголем број на предмети кои се во фаза на предистражна постапка, односно се во работа кај други органи или кај јавните обвинители, се евидентирани на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар и Вишото јавно обвинителство Скопје.

Во однос на Вишото јавно обвинителство Гостивар кое ги опфаќа подрачјата на општините Гостивар, Тетово, Кичево, Дебар и Македонски Брод анализите покажуваат дека најголем број на нерешени кривични пријави има во Основното јавно обвинителство Кичево што се должи на проширената надлежност и нерешените кадровски проблеми во изминатите неколку години поточно од предвидените 5 јавни обвинители во ова обвинителство, функцијата ја извршуваат само 2 јавни обвинители. Овој проблем уште повеќе е изразен во Основното јавно обвинителство Тетово. Според тоа, недоволниот број на јавни обвинители е една од главните причини поради кои 40,2% од вкупниот обем на предмети во 2021 година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар на крајот од годината останале во работа.

Во однос на Вишото јавно обвинителство Скопје анализите покажуваат дека состојбата е резултат на повеќе фактори. Имено, основните јавни обвинителства од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје од вкупен обем на работа од 35.733 лица учествуваат со 19.288 пријавени лица или 54 %, од тоа на Основното јавно обвинителство Скопје му припаѓаат кривични пријави против 13.991 лица или 72,5 % од кривичните пријави на целото скопско подрачје. Доколку овие бројки се анализираат од аспект на структурата на криминалитетот по кој постапува Основното јавно обвинителство Скопје, кривични пријави поврзани со сите видови на корупција, освен оние кои што се во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и

корупција  и се земе предвид сложеноста на предметите и фактот дека ова јавно обвинителство во 2021 година својата функција ја извршуваше со намален број јавни обвинители, како и со намален број на јавнообвинителски службеници, се јасен показател за причините поради кои 42,3 % од кривичните пријави на ова подрачје останале на крајот од годината во работа.

Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција каде во работа на крајот од годината останале кривични пријави против 247 лица или 35,6 % , состојбата се должи на недоволна екипираност од јавни обвинители и стручна служба, како и на недоволната техничка опременост, што е потребни за ефикасно и навремено извршување на функцијата на кривичен прогон, со оглед на структурата на кривичните дела кои се во надлежност на ова јавно обвинителство, а кои се извршуваат во организирана група, за што неопходно е  спроведување на обемни и сложени предистражни и истражни постапки, а во повеќе случаи и примена на посебни истражни мерки.

## 2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД СТОРИТЕЛИ - ДЕЦА

### 2.1 Примени кривични пријави

Во 2021 година до основните јавни обвинителства биле поднесени кривични пријави против 1.210 деца, што во вкупен обем на работа по кривични пријави против познати сторители на кривични дела претставува учество од  5,5 %.

Во текот на годината јавните обвинителства постапувале и по кривични пријави од претходната година против 81 дете, така што во работа имале вкупно пријави спрема 1.291 дете.

Од вкупниот број на кривични пријави по кои е постапувано во 2021 година решени се пријави спрема 1.150  деца или 89  %, а на крајот на годината останале во работа спрема 141 дете или 11  %.

Од вкупниот број на решени пријави, спрема 386 деца или 33,5 % се отфрлени кривични пријави, спрема 697 деца или 60,1 % поднесени се барања за подготвителна постапка, спрема 74 или 6,4% се пратени на надлежност и

Спрема 13 деца поднесен е директен предлог за санкција.

Од вкупно 386 отфрлени кривични пријави, спрема 172 деца или 44,5 % се отфрлени за кривично неодговорни деца до 14 години возраст, а за другите  214 деца  или 55,5 % деца над таа возраст, отфрлени се по основ на начелото на опортунитетот и други основи.

### 2.2 Подготвителна постапка

Во текот на 2021 година спрема 697 деца поднесени се барања за поведување на подготвителна постапка.

Во однос на претходната 2020 година кога спрема 781 дете биле поднесени барања за поведување на подготвителна постапка во извештајниот период од 2021 година оваа бројка е намалена за 84 деца против кои е поднесено барање за поведување на подготвителна постапка.

Јавните обвинители постапувале и по нерешени подготвителни постапки од претходната година против 326 деца, така што вкупно во работа имале подготвителни постапки спрема 1023 деца.

Во 2021 година до судии за деца на надлежните судови јавното обвинителство поднело

предлози за примена на санкција спрема 626 деца, а нерешени останале постапки спрема 268 деца.

Од вкупно завршените подготвителни постапки за 755 деца, спрема 129 деца ставени се предлози за запирање на постапка и тоа за 54 деца поради нецелесообразност на водење на постапката, за 59 деца од други причини, спрема 15 деца постапката е прекината и за едно дете пријавата е решена на друг начин.

### 2.3 Предлози за изрекување на санкции

Во 2021 година основните јавни обвинителства до советите за деца на надлежните судови, поднеле предлози за примена на санкции против вкупно 626 деца, што е намалување за 42, во однос на 668 деца колку што биле поднесени во претходната 2020 година.

### 2.4 Одлуки на Советот за деца и жалби на јавните обвинители

Во 2021 година Советите за деца на надлежни судови, донеселе одлуки спрема вкупно 730 деца, со кои спрема 4 деца изречена е условна осуда, спрема едно дете казна протерување на странец од земјата, спрема 47 деца изречени се заводски воспитни мерки, спрема 495 деца изречени се мерки на засилен надзор, спрема 8 деца изречени се мерки на безбедност, спрема 53 деца постапката била запрена поради нецелесообразност и спрема 122 деца по други основи.

Против одлуките на советите за деца јавните обвинители вложиле 6 жалби, по основ на одлуката за санкција и од друга причина.

Против одлуките на советите за деца во 2021 година биле вложени вкупно 9 жалби од деца и нивните бранители. Повисоките судови од вкупно изјавените жалби две уважиле, а 12 жалби одбиле.

## 3. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД НЕПОЗНАТИ СТОРИТЕЛИ

Во 2021 година до јавните обвинителства биле поднесени кривични пријави против 8.381 непознати сторители

Ако ја споредиме оваа бројка со претходната 2020 година кога биле поднесени 8.193 се забележува зголемување од 188 кривични пријави против непознати сторители во текот на извештајната 2021 година.

Јавните обвинителства постапувајќи по новопримени кривични пријави против непознати сторители до Министерството за внатрешни работи доставиле 5.933 наредби за откривање на сторителите на кривичните дела, за 361 лица се барани определени истражни дејствија, од судот се барани за 100 лица, а во 1.992 случаи биле издадени наредби и барања за собирање податоци до други органи.

Во 2021 година јавните обвинителства во работа имале и кривични пријави против 78.039 непознати сторители на кривични дела кои останале неоткриени од претходните години, така што вкупно во работа имале кривични пријави против 86.420 непознати сторители на кривични дела.

Со решение за отфрлање на кривичната пријава решени се во 2021 година пријави против 17.775 непознати лица, најмногу по основ на застареност по кој биле отфрлени пријави против 17.415 непознати лица.

Од новоподнесени кривични пријави во 2021 година откриени се 666 сторители на кривични дела, а на крајот на годината останале непознати 8.453 сторители на кривични дела.

Што се однесува пак до кривичните пријави против непознати сторители од претходните години, во 2021 година откриени се 522 сторители на кривични дела, а на крајот на годината останале неоткриени за 59.001 непознати лица. Во 8 случаи пријавите се отстапени на надлежност на други органи.

## 4. ПОСТАПУВАЊЕ И ДЕЈСТВИЈА ПРЕВЗЕМЕНИ ОД ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ПО ПРЕДМЕТИТЕ

### 4.1 Барање за собирање податоци и потребни известувања

Во 2021 година, основните јавни обвинителства постапувајќи по кривичните пријави презеле дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 8.296 случаи, од тоа на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје во 2.727 случаи, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола во 2.656 случаи**,** на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип во 2.122 случаи и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар во 637 случаи.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција презело дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 83 случаи, а Специјализирано одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција кое постапува во рамките на ова јавно обвинителство презело дејствија на собирање на потребни податоци и известувања во 71 случаи.

### 4.2. Истражни дејствија на јавниот обвинител во предистражна постапка

Во 2021 година во предистражна постапка од јавните обвинители биле преземени истражни дејствија против вкупно 12.947 лица, од тоа на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје издадени се наредби на истражни дејствија против 6.838 лица, Вишото јавно обвинителство Битола за 3.540 лица, Вишото јавно обвинителство Штип за 1.937 лица и Вишото јавно обвинителство Гостивар за 614 лица.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во предистражна постапка презело истражни дејствија против 18 лица.

Овие податоци укажуваат на зголемена активност на јавните обвинители во текот на претходната постапка и преземање на истражни дејствија од нивна страна. Јавните обвинители поголемиот број на истражни дејствија ги преземаат пред носењето на Наредбата за спроведување на истражна постапка, меѓутоа сами спроведуваат и голем дел од истражни дејствија во случаите кога законот не бара формално спроведување на истражна постапка. Јавните обвинители од основните јавни обвинителства во текот на 2021 година испитале 8.251 лица со статус осомничен, сведок или оштетен, а во претходна постапка спровеле вкупно 1.831 вештачења и увиди.

#### 4.2.1 Примена на посебни истражни мерки

Со измените на Законот за кривичната постапка од 2004 година и со подоцнежните измени воведени се дополнителни мерки за успешно водењето на истрагата - посебни истражни мерки за кривичните дела од организираниот криминал и други тешки кривични дела. Започнувањето на примената на посебните истражни мерки е од исклучително значење во борбата против организираниот криминал.

Посебните истражни мерки, по својата природа, претставуваат смислено нарушување на одредени човекови слободи и права загарантирани со Уставот и меѓународните документи, а заради остварување на повисоки цели - заштита на општеството и граѓаните од тешки форми на криминал иефикасна и успешна борба против него. Со посебните истражни мерки на органите на кривичниот прогон не само што значително им се надминуваат или намалуваат потешкотиите при откривањето и гонењето на организираниот и тешкиот криминал, туку им се овозможува и активна улога уште во претходната постапка.

Од овие причини примената ваквите мерки се прецизно регулирани во Законот за кривичната постапка како и во другите закони (Законот за следење на комуникациите ), а нивната примена е предвидена само во строго определени случаи кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можат да се соберат.

Посебните истражни мерки, нивниот вид и број утврдени со чл.252 од ЗКП, се:

- следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон од член 252 ст.1 т.1;

- следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации од член 252 ст.1 т.2;

- тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од член 252 ст.1 т.3;

- таен увид и пребарување во компјутерски систем од член 252 ст.1 т.4;

- автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци од чл.252 ст.1 т. 5;

- увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од член 252 ст.1 т.6;

- симулиран откуп на предмети од член 252 ст.1 т.7;

- симулирано давање и примање поткуп од член 252 ст.1 т.8;

- контролирана испорака и превоз на лица и предмети од член 252 ст.1 т.9;

- користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи од член 252 ст.1 т.10;

- отворање симулирана банкарска сметка од член 252 ст.1 т.11;

- симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци од член 252 ст.1 т.12.

Во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија во текот на 2021 година применети се посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 59 случаи против 204 лица со утврден идентитет, 11 лица со неутврден идентитет и 126 предмети на кривично дело.

За споредба, во 2020 година во сите основни јавни обвинителства применети се посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 67 случаи против 404 лица со утврден идентитет, 22 лица со неутврден идентитет и 124 предмети на кривично дело.

Доколку се изврши анализа на бројот на спроведени посебни истражни мерки во текот на 2021 година, со бројот на спроведени посебни истражни мерки во текот на 2020 година, може да се

констатира дека во текот на 2021 година постои намалување на бројот на спроведени посебни истражни мерки, во однос на 2020 и тоа од 67 случаи на 59 случаи што значи намалување за 12%, Исто така и бројот на лица со утврден идентитет против кои се применети мерките е намален од 404 лица во 2020 година на 204 лица во 2021 година, што претставува намалување од 49%. Истиот тренд е и кај лица со непознат идентитет од 22 лица на 11. Во делот на мерките кои се применуваат према предмети постои скоро идентичен број на предмети кои биле опфатени со ПИМ мерки 121 со 124 во на 2020 година.

Согласно чл.271 од ЗКП јавниот обвинител на Република Северна Македонија има обврска еднаш годишно да достави извештај, за посебните истражни мерки што се побарани во претходната календарска година, до Собранието на Република Северна Македонија, во кој извештај се содржани поконкретни податоци за нивната примена односно кој вид на мерка бил применет, на колку случаи, лица и предмети и за кое кривично дело и за времетраењето на примената за мерката.

Примената на посебните истражни мерки во текот на 2021 година е намалена и по бројот на случаи во однос на 2020 година, и по бројот на опфатени лица, додека бројот на предмети кои биле опфатени со мерките е скоро идентичен.

По однос на случаите опфатени по вид на посебни истражни мерки постои тренд на намалување на бројот на случаи кај сите видови мерки па и кај опфатот на лица кон кои се применети освен кај т.3 ( Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен ) каде постои драстично зголемување на бројот на опфатени лица и предмети .

Се одржува тренд од минатите години дека посебните истражни мерки во најголем број на случаи се применуваат за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и перкурзори од чл.215 од КЗ, а другите кривични дела се застапени со помалку случаи .

Според извештајот за примената на посебните истражни мерки на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје во извештајниот период водени се постапки во 28 случаи, од кои во 5 случаи јавното обвинителство се јавува по сопствена иницијатива, додека во 23 случаи иницијативата потекнала од Министерството за внатрешни работи.

Карактеристично е дека во однос на 2021 година примената на овие мерки во 2020 година била во повеќе случаи поефикасна и времетраењето на примената на мерките е намалено.

### 4.3. Резултати од истраги спроведени од јавните обвинителства / Одлуки по кривични пријави

#### 4.3.1. Број и структура

Основните јавни обвинителства заедно со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во извештајната година од вкупно 35.733 пријавени лица, врз основа на прибавените потребни податоци и известувања во 8.296 случаи презеле истражни дејствија против вкупно 12.947 лица, издале наредби за вештачења и излегле на увид во 1.831 случаи и прибавени се докази со испитување на обвинет и сведоци во 8.251 случаи, донеле јавнообвинителски одлуки против 22.426 лица или го решиле вкупниот обем на работа во 62,8 %.

Структурата на одлуките на решени кривични пријави против 22.426 лица покажува дека:

1) Отфрлени се кривични пријави, врз основа на чл.288 од ЗКП и други причини, против вкупно 8.798 лица или 39,2 %
2) Поднесени се обвинителни предлози против 4.918 лица или 22 %,
3) Поднесени се предлог за казнен налог против 6.326 лица или 28,2 %,

4) Против 1.307 лица или 5,8 % донесени се наредби за спроведување на истрага,
5) Против 945 лица или 4,2 % пријавите се решени на друг начин и
6) Предлог спогодба во скратена постапка поднесена е против 132 лица или 0,6 %.




### 4.3.2. Отфрлени кривични пријави

Од структурата на одлуките на решени кривични пријави во 2021 година, видно е дека во делот на кривични пријави кои резултирале со носење на решение за отфрлање на кривична пријава постојат два законски основи, чл.288 и членовите 43 и 44 од ЗКП. Ваквата поделба на бројот на кривични пријави кои завршиле со носење решение за отфрлање на кривични пријави е значајна од повеќе причини.

Имено, легалитетот во македонското казнено-процесно право е ограничен со принципот на опортунитет при примената на институтот условно одлагање на кривичната постапка (член 43 од ЗКП). Јавниот обвинител може условно со решение да го одложи кривичното гонење со согласност на оштетениот за кривично дело за кое е пропишана казна затвор до три години, ако осомничениот е подготвен да се однесува според упатствата на јавниот обвинител и да ги исполни определените обврски со кои се намалуваат или отстрануваат штетните последици на кривичното дело, со што се става крај на вознемирувањето кое е резултат на кривичното дело, односно се влијае со цел да се реинтегрира осомничениот.

Од друга страна, јавниот обвинител согласно чл.44 од ЗКП не е должен да преземе кривично гонење, односно може да се откаже од гонењето, доколку:
- во Кривичниот законик е утврдено дека судот може сторителот на кривично дело да го ослободи од казна и ако јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот ќе оцени дека самата пресуда без кривична санкција не е потребна,
- во Кривичниот законик за кривичното дело е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а осомничениот поради вистинско каење го спречил настанувањето на штетните последици или ја надоместил сета штета и ако јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот ќе оцени дека кривичната санкција не е основана, или
- осомничениот како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение доброволно соработува пред или по откривањето или во текот на кривичната постапка и ако таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштествено значење за кривичната постапка.

Ваквата можност, значи дека тие пријави се целосно и темелно обработени од јавниот обвинител, прибавени се сите докази со кои се докажува дека осомничениот го сторил кривичното

дело, остранети се штетните последици, постигнати се целите на казнувањето, а донесеното решение за отфрлање на кривичната постапка во такви услови значи задоволување на правдата.

По основот од чл.44 од ЗКП во текот на 2021 година решени се кривични пријави против 164 лица или 1,8 % од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави.

Според предвидениот основ по чл.43 од ЗКП во текот на 2021 година решени се кривични пријави против 1263 лица или 14,4 % од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави.

Со оглед на тесно поставените услови за користење на опортунитетот во кривичната постапка, основните јавни обвинителства овој институтит најчесто го користеле за кривични дела од чл.297 и чл.300 од КЗ, а во помал обем за кривични дела од чл.235-а, чл.130 ст.2, чл.247 и чл.202 ст.1 од КЗ.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, основните јавни обвинителства отфрлиле кривични пријави против вкупно 1002 лица и оствариле паричен придонес во полза на Буџетот на РМ во вкупен износ од 12.040.548,00 денари.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, основните јавни обвинителства со користење на овој институт отфрлиле кривични пријави против вкупно 125 лица и оствариле паричен придонес во вкупен износ од 1.040.000,00 денари од кои во полза на Буџетот на РМ паричен износ од 593.000,00 денари, за хуманитарни цели 220.000,00 денари, во корист на други институции износ од 99.000,00 денари и плаќање издршка и надомст на штета во износ од 128.000,00 денари.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар, основните јавни обвинителства со користење на овој институт отфрлиле кривични пријави против вкупно 98 лица и оствариле паричен придонес во полза на Буџетот на РМ во вкупен паричен износ од 1.185.231,00 денари.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, основните јавни обвинителства со користење на овој институт отфрлиле кривични пријави против вкупно 38 лица и оствариле паричен придонес во вкупен износ од 365.221,00 денари од кои 224.221,00 денари во корист на Буџетот на РМ, во хуманитарни цели износ од 12.000,00 денари и во корист на институции кои вршат јавни овластувања 129.000,00 денари.

Со оглед на тоа, сите основни јавни обвинителства само врз основа на овој институт во полза на Буџетот на РМ оствариле вкупен износ од 14.043.000,00 денари.

Во однос пак на решенијата за отфрлање на кривичната пријава по чл.288 од ЗКП, како и во претходните години, најприменувани основи за отфрлање на кривични пријави се:

- пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, и
- не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело.

Од вкупно отфрлени кривични пријави против 7.371 лица или 83,8 % од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави, по основ на чл.288 состојбата по одделни јавни обвинителства е следната:

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје отфрлени се кривични пријави против 3.825 лица или 52 % од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави што во однос на отфрлени кривични пријави на ова подрачје против 3.494 лица во 2020

година претставува зголемување за 331 лице.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола отфрлени се кривични пријави против 1.580 лица или 21,4 %, од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави што во однос на отфрлени кривични пријави на ова подрачје против 1.347 лица во 2020 година претставува зголемување за 233 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип отфрлени се кривични пријави против 828 лица или 11,2 % од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави, што во однос на отфрлени кривични пријави на ова подрачје против 946 лица во 2020 година претставува намалување за 118 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар отфрлени се кривични пријави против 924 лица или 12,5 % од вкупниот број на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави, што во однос на отфрлени кривични пријави на ова подрачје против 885 лица во 2020 година претставува зголемување за 39 лица.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2021 година донело 92 решенија за отфрлање на кривични пријви или 1,2 % од вкупниот број, што во однос на отфрлени кривични пријави против 44 лица во 2020 година претставува зголемување за 48 лица.

Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција кое постапува во рамките на ова јавно обвинителство донело 122 решенија за отфрлање на кривични пријви или 1,7 % од вкупниот број

Графички приказ на донесени решенија за отфрлање на кривични пријави по чл.288 од ЗКП:




## 4.3.3. Донесени наредби за спроведување истражна постапка

Основните јавни обвинителства во 2021 година донеле наредби за спроведување

истражна постапка против 1.307 лица што е за 97 лица помалку во однос на претходната година, кога такви наредби биле издадени против 1.404 лица.

Во 2021 година тие постапувале и по нерешени истраги против 983 лица од претходната година, така што вкупно во работа имале истраги против 2.290 лица.

Од вкупниот број на истраги по кои е постапувано во 2021 година решени се истраги против 1.523 лица или 66,5 %, а на крајот на годината во работа останале истраги против 767 лица или 33,5 %.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2021 година донело наредба за спроведување на истражна постапка против 176 лица. Исто така ова обвинителство во текот на 2021 година спроведувало и истрага против 215 лица за кои таа не била завршена во текот на 2020 година.

### 4.3.4. Примена на мерката притвор

Мерката притвор во 2021 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е применета против 528 лице. Ако се земе предвид дека во текот на 2021 година обвинителствата постапуваа против вкупно новопријавени 20.975 лица, се заклучува дека за само 2,5 % од сторителите е побарана оваа мерка.

Примената на мерката притвор, обвинителството ја користи согласно закон, кога е единствен начин за обезбедување на натамошното непречено одвидање на кривичнаа постапка.

Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека мерката притвор против 172 лица била со времетраење до 30 дена, против 85 лица била со времетраење до 60 дена, против 119 лица била со времетраење до 90 дена и против 152 лица мерката притвор траела над 90 дена.

| | **Вкупно** | **30 дена** | **60 дена** | **90 дена** | **Над 90 дена** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВЈО Скопје** | **213** | 60 | 51 | 44 | 58 |
| **ВЈО Битола** | **69** | 35 | 3 | 18 | 13 |
| **ВЈО Гостивар** | **90** | 41 | 9 | 25 | 15 |
| **ВЈО Штип** | **33** | 7 | 11 | 15 | / |
| **ОЈО за ГОКК** | **113** | 20 | 11 | 16 | 66 |
| **ОЈО за ГОКК СО** | **10** | 9 | / | 1 | / |
| **Вкупно** | **528** | **172** | **85** | **119** | **152** |

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало против 113 лице на кои им бил определен притвор, против 4 лица со куќен притвор, како и против други лица на кои им биле определени други мерки на претпазливост. Против 13 лица мерката притвор е определена во отсуство, поради бегство и недостапност на органите на прогонот на осомничените. Со оглед дека за нив притворот се засметува од денот на нивното лишување од слобода, податоците за нив не се искажани во табелата за траење на притворот.

Овие показатели укажуваат дека основните јавни обвинителства често не ја предлагаат оваа најстрога мерка на обезбедување на присуство, туку само во оние случаи во кои постојат причини согласно законските основи за определување на притвор. Податоците покажуваат дека дури и против лица кои се гонат за тежок организиран криминал и корупција, а кои се во надлежност

на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во сите случаи не се користи оваа мерка, туку само таму каде користењето на другите видови на мерки не би ја постигнале целта на кривичната постапка. Дотолку повеќе што и во тоа јавно обвинителство како што се утврдува од статистичките податоци постои нагорен тренд на поголемо користење на другите видови на мерки.

Јавното обвинителство е на мислење дека откако фактички ќе започне примената на Законот за пробација, предлагањето на мерката притвор дополнително ќе се намали.

Пооделно по подрачјата на вишите јавни обвинителства, состојбата со примената на овој вид на мерка е следна:




На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје по предлог на основните обвинителства мерката притвор била определена против 213 лица што во однос на 168 во 2020 година е зголемување за 45 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена против 69 лице, што во однос на 88 лице во 2020 година е намалување за 19 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајниот период притвор е определен против 90 лица, што во однос на 66 лица во 2020 година претставува зголемување за 24 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, мерката притвор била определена против 33 лица, што во однос на 25 лица во 2020 година е зголемување за 8 лица.

### 4.3.5. Одлуки по спроведена истрага

Од вкупниот број на истраги против 2.290 лица по кои е постапувано во 2021 година јавните обвинители решиле истраги протв 1.523 лица или 66,5 %, а на крајот на годината во работа останале истраги против 767 лица или 33,5 %.

Од вкупно решените истраги:

| ОДЛУКА | СТОРИТЕЛИ |
|---|---|

| | |
|---|---|
| поднесени обвиненија | 1151 лица |
| запрени се истрагите | 160 лица |
| истрагите се прекратени | 75 лица |
| на друг начин | 10 лица |
| предлог спогодба во истражна постапка | 111 лица |
| предлог спогодба по поднесување на обвинителен акт | 16 лица |

И во оваа извештајна година од статистичките податоци се утврдува дека преминувањето на истрагата од истражниот судија во надлежност на јавниот обвинител и овластувањето на јавниот обвинител да раководи со предистражната постапка, се покажа целисходно. Анализите покажуваат дека бројот на спроведени истраги во компарација со бројот на поднесени барања за спроведување истрага во периодот пред декември 2013 година е во констатно опаѓање, ова значи дека јавните обвинители раководејќи ја предистражната постапка со користење на другите институти согласно законот уште во текот на предистражната постапка собираат квалитетни докази, кои овозможуваат носење на мериторни јавнообвинителски одлуки, а истражната постапка се користи во сложени и комплексни предмети.

Податоците на одлуките по вид и број  на решени истраги по одделни јавни обвинителства искажани се во следната табела:

| Вишо јавно обвини-телство | Обвине-нија | Наредби за запирање на истрага | Прекра-тени | Решени на друг начин | Предлог спогодба по поднесен обвинителен акт | Предлог спогодба во истражна постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | 235 | 22 | 15 | / | 2 | 20 |
| Штип | 196 | 25 | 13 | 6 | 4 | 11 |
| Скопје | 438 | 42 | 31 | / | 2 | 42 |
| Битола | 152 | 50 | 3 | 2 | / | 9 |
| ОЈО за ГОКК | 129 | 21 | 13 | 2 | 8 | 29 |
| ОЈО за ГОКК ПС | 1 | | | | | |
| **Вкупно:** | **1151** | **160** | **75** | **10** | **16** | **111** |

За истрагите кои се искажани во колоната решени на друг начин, податоците се однесуваат на предмети за кои по спроведената истрага е констатирано дека јавното обвинителство кое ја водело истрагата не е месно или стварно надлежно за конкретниот кривично-правен настан или пак во текот на истрагата се утврдило дека за тој кривично-правен настан претходно е водена постапка, поради што предметите се споени.

### 4.3.6 Предлог спогодби

Донесувањето на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот и оваа година беше предизвик во работењето на јавното обвинителство.

Институтот спогодба помеѓу јавниот обвинител и осомничениот доведува до позитивни решенија во поглед на побрзо решавање на предметите, а со тоа и други погодности во поглед на осомничениот и неговите права. Придобивките од користењето на спогодувањето: намалените трошоци за кривична постапка, ефективна и ефикасна кривична постапка со кратко времетраење така што целокупната постапка од поднесување на кривична пријава до склучување предлог спогодба просечно завршува за пет месеци, укажуваат на оправданоста на заложбата на Јавното

обвинителство се поголем број на предмети да се решаваат на ваков начин.

Овој институт во текот на 2021 година е применет во вкупно 258 случаи, што во однос на 2020 година кога имало 179 спогодби се забележува зголемување за 93 склучени спогодби. Од 258 спогодби 131 случаи се во скратена постапка, 111 случаи во текот на истражната постапка и 16 случаи по поднесен обвинителен акт, односно во фаза на оценка на обвинение.

| | **Скратена постапка** | | **Истражна постапка** | | **По поднесен обвинителен акт** | | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЈО Скопје | 66 | | 42 | | 2 | | **110** | **43** |
| ВЈО Битола | 27 | | 9 | | / | | **36** | **14** |
| ВЈО Штип | 12 | | 11 | | 4 | | **27** | **10** |
| ВЈО Гостивар | 17 | | 20 | | 2 | | **39** | **15** |
| ОЈО за ГОКК | 9 | | 29 | | 8 | | **46** | **18** |
| **Вкупно** | **131** | **51%** | **111** | **43%** | **16** | **6%** | **258** | |

Податоците во табелата и оваа извештајна година потврдуваат дека најголем процент на склучени спогодби има на подрачјето на Вишо јавно обвинителство Скопје и тоа 43%.

Во однос пак на кривичните дела за кои се склучуваат предлог спогодбите, состојбата е приближно иста како по однос на потпишани спогодби во скратена постапка, односно за кривични дела за кои е запретена казна затвор до пет години, така и за кривични дела за кои е запретена казна затвор над пет години.

Користењето на институтот спогодба, упатува на тоа дека јавните обвинители во текот на постапката прибавиле квалитетни докази, поради што обвинетите сами или преку бранителите бараат да се спогодат за видот и висината на кривичната санкција со јавниот обвинител, и тоа не само за кривични дела за кои согласно законот може да се примени условна осуда или парична казна, туку и за кривични дела за кои согласно законот се изрекува казна затвор.

### 4.3.7. Обвиненија

Во 2021 година јавните обвинителства поднеле обвиненија против вкупно 12.395 лица, што е за 1.966 лица помалку во однос на 14.361 во 2020 година.

Од вкупниот број на поднесени обвиненија, против 4.918 лица поднесени се обвинителни предлози, против 6.326 лица предлози за казнен налог, против 1.151 лица поднесени се обвинителни акти по спроведена истрага.

### 4.3.8 Одлуки на судот по поднесените обвиненија

Во 2021 година, надлежни основни судови постапувале по поднесени обвиненија против вкупно 24.376 лица, од кои против 12.395 лица обвиненија се поднесени во извештајната година. Непресудени останале обвиненија против 10.317 лица.

Во 2021 година јавните обвинители учествувале на вкупно 22.496 одржани главни расправи, од тоа 4.789 главни расправи по обвинителни акти и 17.707 главни расправи по обвинителни предлози, а од страна на надлежни судови биле донесени пресуди против вкупно 14.059 лица, што во однос на 13.162 пресудени во 2020 година е повеќе за 897 лица.

Податоците за пресуди по вид и број се искажани во следната табела:

| **Вид на пресуди** | **Број на лица** | **Број на лица** | **Број на лица** | **Процент на поединечни видови пресуди во однос на вк.број на пресуди за 2021 (14.059)** |
|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2020** | **2021** | **2020** |
| Осудителни пресуди | 7.585 | 12.517 | 12.856 | 91,4 % |
| Ослободителни пресуди | 281 | 219 | 380 | 2,7% |
| Одбивателни пресуди | 248 | 242 | 424 | 3 % |
| Запирање по предавање на обвинителниот акт на судот и по повлечено обвинение | 89 | 98 | 211 | 1,5% |
| Мерка на безбедност | 58 | 53 | 134 | 1 % |
| Судска опомена | 19 | 33 | 54 | 0,4% |
| **Вкупно** | **8.280** | **13.162** | **14.059** | **100%** |

Од податоците во табелата може да се заклучи дека од вкупниот број на донесени пресуди, осудителни се против 12.856 лица или 91,4 % од вкупниот број на пресуди во 2021 година, од тоа казната затвор е изречена против 1.988 лица или 15,6 %, парична казна против 5.637 лица или 43,8% и условна осуда против 5.231 или 40,6%.



Во 2021 година од вкупниот број на осудителни пресуди против 12.856 лица, за 3.075 лица донесени се пресуди по основ на признание на вина во текот на главната расправа, согласно на чл.381 од ЗКП.

Изречените кривични санкции по предлог спогодби се искажани во вкупниот број на осудителни пресуди, при што треба да се истакне дека јавното обвинителство настојува ако се исполнети законските основи да се зголеми бројот на пресудени лица по основ на овие институти, што е и во интерес на обвинетите лица. За таквото постапување значајно е што се скратува времетраењето на постапката и трошоците се намалуваат, а се зголемува ефикасноста.

Од увидот на оваа табела се заклучува дека бројот на осудителни пресуди споредбено со 2020 година кога беа донесени пресуди против 12.517 лица во текот на 2021 година се донесени пресуди против 12.856 лица, што е зголемување за 339 лица.

На крајот на 2021 година непресудени обвиненија останале против 10.317 лица, што во однос на непресудени 6.978 лица во 2020 година е зголемување за 3.339 лица.

Податоци за број на кривични пријави, поднесени обвиненија и донесени пресуди, во последните три години:

| **Видови одлуки** | **2019** | **2020** | **2021** | **Разлика 2019/2020** | **Разлика 2020/2021** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пријавени лица | 19.078 | 22.717 | 20.975 | +3.639 | -1.742 |
| Кривични пријави во работа | 15.249 | 15.671 | 14.758 | +422 | -913 |
| **Вкупно кривични пријави** | **34.324** | **38.388** | **35.733** | **+4.064** | **-2.655** |
| Поднесени обвиненија по истрага | 1.097 | 1.055 | 1.151 | -42 | +96 |
| Предлог за казнен налог | 3.488 | 8.639 | 6.326 | +5.151 | -2.313 |
| Обвинителни предлози | 4.587 | 4.667 | 4.918 | +80 | +251 |
| Предлог спогодба во истражна постапка | 129 | 85 | 111 | -44 | +26 |
| Предлог спогодба во скратена постапка | 130 | 92 | 132 | -38 | +40 |
| Предлог спогодба по поднесен обв. акт | 13 | 2 | 16 | -11 | +14 |
| **Вкупно обвиненија** | **9.444** | **14.540** | **12.654** | **+4.917** | **-1.886** |
| -Осудителни пресуди | 7.585 | 12.517 | 12.859 | +4.932 | +342 |
| Ослободителни пресуди | 281 | 219 | 380 | -62 | +161 |
| Одбивателни пресуди | 248 | 242 | 424 | -6 | +182 |
| Судски опомени | 19 | 33 | 54 | +14 | +21 |
| **Вкупно пресуди** | **8.133** | **13.011** | **13.717** | **+4.878** | **+706** |

| **Други судски одлуки** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Запрени по предавање на обвинителен акт на судот | 89 | 98 | 211 |
| Мерки на безбедност | 58 | 53 | 134 |

#### 4.3.9 Одземени предмети, конфискација на имот

Во извештајната година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола биле донесени 60 одлуки со кои се одземени предмети кои биле употребени за извршување на кривично дело или настанале од извршување на кривично дело. Најголем број на предмети се одземени од извршување на кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ, од кривичното дело - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, од кривичното дело Тешка кражба од чл.236 од КЗ, од кривичното дело Кражба од чл.235 од КЗ, и други кривични дела. Меѓу одземените предмети има наркотична дрога, психотропни супстанции, патнички моторни возила, товарно моторно возило, оружје - пушки и пиштоли, муниција, експлозивни материи, мобилни телефони, и друго.

Во извештајната година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола не се донесени пресуди со кои е конфискуван имот.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар во текот на 2021 година врз основа на правосилни пресуди одземени се предмети од извршени кривични дела Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги,психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, Бесправно градење од чл.244-а од КЗ, Примање поткуп од чл.257 од КЗ, Давање поткуп од чл.258 од КЗ, Незаконит лов од чл.229 од КЗ, Незаконит риболов од чл.229 од КЗ Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, и за други кривични дела против здравјето на луѓето и против јавниот ред, како и против правниот сообраќај. Одземени се наркотична дрога, мобилни телефони, бесправно изградени објекти, моторцикл, пиштоли, опасно орудие, автоматски и ловни пушки, муниција патнички моторни возила, компјутери, алат, дрвна маса, компјутери, парични средства и др.

Во извештајната година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар не се донесени пресуди со кои е конфискуван имот.

Во извештајната година на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип судовите донеле одлуки со кои се одземени предмети кои биле предмет на извршување на кривично дело или настанале од неговото, во повеќе предмети. Најголем број на предмети потекнуваат од извршување на кривични дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ, - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, Кражба од чл.235 од КЗ, Овозможување употреба на наркотични дроги до чл.216 од КЗ, Предизвикување општа опасност од чл.288 од КЗ и други кривични дела. Меѓу одземените предмети има наркотична дрога, алати, оружје – пушки, муниција, експлозивни материи, и друго.

Во Вишо јавно обвинителство Штип мерка конфискација е изречена вкупно против 43 лица и тоа:

-на подрачјето на Основниот суд Берово со пресуди на овој суд по предлог на ОЈО Берово изречена е конфискација спрема 4 лица за кривично дело - Кражба од чл.235 ст.3 од КЗ на дрвна маса во вкупна противвредност од 38.706,00 денари и

-на подрачјето на Основниот суд Струмица со пресуди на овој суд изречена е конфискација спрема 39 лица за кривични дела Бесправно градење од чл.244 – а од КЗ, Даночно затајување од чл.279 од КЗ и Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ при што се конфискувани повеќе беспавно изградени објекти и паричен износ од 33.058.787,00 денари и дрвна маса во противвредност од 26.600,00 денари.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција по поднесени обвиненија за 2021 година, согласно законските одредби со пресуди се одземени предмети со кои е извршено кривичното дело или произлегуваат од него.

За кривичните дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од чл.322-а од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Криумчарење мигранти од чл.418-б и Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти од чл.418-в од КЗ од вкупно 97 лица се одземени 47 моторни возила, 11 товарни возила, 2 моторцикли, 120 мобилни телефони, 2 часовници, компјутерска опрема, лаптопи 11, пиштол, GPS уред, 279.413 гр. Марихуана, 2 кг кокаин и парични средства – 817.580,00 денари, 33.955,00 евра, долари, швајцарски франци и друго.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција мерка конфискација е изречена вкупно против 4 лица за кривични дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ и Криумчарење мигранти од чл.418-б при што се конфискувани парични средства, наркотична дрога - марихуана и земјиште во вредност од 1.794.141,00 денари .

### 4.3.10 Меѓународна правна помош

Во текот на 2021 година на подрачјето Вишото јавно обвинителство Штип биле заведени вкупно 26 предмети со кои била побарана меѓународна правна помош на странски држави од основните јавни обвинителства.

Во Основното јавно обвинителство Радовиш се оформени 7 предмети, во Основното јавно обвинителство Кочани 5 предмети, во Основното јавно обвинителство Струмица оформени се 11 предмети и во Основното јавно обвинителство Берово оформени се 3 предмети.

На подрачјето на Вишо јавно обвинителство Битола во текот на 2021година биле заведени вкупно 18 предмети со кои била побарана меѓународна правна помош на странски држави. Во Основното јавно обвинителство Битола се заведени 10 предмети, во Основното јавно обвинителство Прилеп се заведени 2 предмети, во Основното јавно обвинителство Охрид заведени се 6 предмети, во Основното јавно обвинителство Струга заведени се 8 предмети.

На подрачјето на Вишо јавно обвинителство Гостивар биле заведени вкупно 24 предмети со кои била побарана меѓународна правна помош на странски држави.

Во текот на 2021 година Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало по 48 предмети, а во случаи во постапка за екстрадиција.

Во Канцеларијата за врски на Република Северна Македонија со Европравда во 2021 година отворени се 24 предмети за меѓународна правна помош кон Република Северна Македонија, кои што се наведени во искажаните статистички податоци и од јавните обвинителства, кои по содржина се административни предмети, проследени замолници за меѓународна правна помош или барања за информација по веќе поднесено претходно барање. Од Република Северна Македонија регистрирани во системот на Европравда се 8 предмети од кои повеќето се замолници на Основниот кривичен суд Скопје. Од страна на јавниот обвинител за врски со надлежните органи одржани се три координативни состаноци преку Европравда.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија вкупно примило 381 замолници со кои се бара меѓународна правна помош или се бара да се преземе кривичното гонење, кои замолници се доставени на надлежно постапување до основните јавни обвинителства и до други државни органи и институции.

## 5. ПРАВНИ ЛЕКОВИ

### 5.1. Редовен правен лек - Жалба

Согласно Законот за кривичната постапка против решенијата на основните јавни обвинители со кои се отфрла кривичната пријава, дозволено е жалба до повисокиот јавен обвинител.

Вишите јавни обвинителства во извештајниот период од 2021 година, постапувале по 2.423 изјавени жалби од оштетените согласно чл.288 ст.5 од ЗКП против решенијата за отфрлање на кривичните пријави. Од вкупниот број на изјавени жалби во 1.695 случаи се потврдени првостепените решенија на основниот јавен обвинител односно 70%, уважени се 632 жалби односно 26%, додека пак 13 жалби се отфрлени како ненавремени односно 0,6 % и 64 жалби односно 2,6 % како недозволени. По 19 жалби до крајот на извештајната година нема одлука односно 0,8 %.

Споредувајќи по подрачјата на четирите виши јавни обвинителства во текот на извештајниот период, по однос на постапувањето по изјавени жалби на отфрлените кривични пријави, состојбата е следна:

| | **Вкупно** | **Уважени** | **Одбиени** | **Недозволени** | **Ненавремени** | **Нерешени** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **За подрачје на ВЈО Скопје** | 1493 | 345 | 1112 | 27 | 9 | / |
| **За подрачје на ВЈО Битола** | 436 | 135 | 269 | 13 | / | 19 |
| **За подрачје на ВЈО Штип** | 263 | 65 | 188 | 6 | 4 | / |
| **За подрачје на ВЈО Гостивар** | 231 | 87 | 126 | 18 | / | / |
| **Вкупно** | **2.423** | **632** | **1.695** | **64** | **13** | **19** |

Од табеларниот преглед се заклучува дека во поглем број жалбите се одбиени. Процентот на уважени жалби варира, па така Вишото јавно обвинителство Скопје во 23,1% одлучило да се уважи жалбата, Вишото јавно обвинителство Битола во 30,9%, Вишото јавно обвинителство Штип во 24,7 % и Вишото јавно обвинителство Гостивар во 37,6% одлучило да се уважат жалбите против одлуките на пониските обвинителства.

Вишите јавни обвинителства во 2021 година постапувале по жалби на првостепените пресуди против вкупно 5.321 изјавени жалби што споредбено со 2020 година, кога постапувале по 4.485 изјавени жалби, во извештајниот период има зголемување за 836 изјавени жалби.

Од вкупниот број на поднесени 5.321 жалби против првостепени пресуди, по кои постапуваат вишите јавни обвинителства, 1.640 жалби изјавиле основните јавни обвинители или 30,8%, додека пак обвинетите изјавиле 3.530 жалби или 66,3%.

Оштетените изјавиле жалби против 151 првостепени пресуди, односно во 2,9%.

Од вкупната бројка 5.321 изјавени жалби, вишите јавни обвинители предложиле да се уважат 1.638 изјавени жалби, 52 изјавени жалби делумно да се уважат и 3.350 жалби да се одбијат, додека пак на 164 изјавени жалби не е даден предлог, на 13 изјавени жалби јавниот обвинител се откажал од жалба, а се отфрлени 104 жалби како ненавремени или недозволени.

Вишите јавни обвинитества во жалбена постапка постапиле по следните предмети:

**- Вишо јавно обвинителство Скопје**

Во текот на 2021 година Вишото јавно обвинителство Скопје постапувало по 2.552 изјавени жалби, против одлуките на првостепените судови. Од вкупниот број на жалби 623 се изјавени од основните јавни обвинителства, 1.836 жалби изјавиле обвинетите, додека 93 жалби се од оштетените.

| Изјавени жалби | | |
|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинет | Оштетен |
| 623 | 1.836 | 93 |

Вишите јавни обвинители во Скопје во 1.319 случаи дале предлог по обвинителен акт односно во редовна жалбена постапка и во 977 случаи по обвинителен предлог односно во скратена постапка.

| Предлози на јавен обвинител по изјавените жалби | |
|---|---|
| По обвинителен акт | По обвинителен предлог |
| 1.319 | 977 |

Од вкупната бројка на дадените предлози во редовна жалбена постапка против првостепената пресуда вишите јавни обвинители во Скопје, во 693 предмети предложиле жалбата да се уважи, во 14 делумно да се уважат, во 1.674 да се одбие, во 29 случаи да се отфрли, а во 131 случаи не е даден предлог.

| Број и структура на дадените предлози | | |
|---|---|---|
| Да се уважи | Делумно да се уважи | Да се одбие |
| 693 | 14 | 1.674 |

Во текот на 2021 година вишите јавни обвинители во 11 случаи се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители.

Имајќи го предвид предлогот на вишиот јавен обвинител, одлуката на судот во 1.505 случаи била идентична со предлогот на вишиот јавен обвинител.

Бројот на жалбите од кои се откажал јавниот обвинител споредeн со вкупниот број на поднесени жалби од страна на основните јавни обвинителства е незначителен што зборува во прилог дека основните јавни обвинителства во најголем број случаи поднеле основани жалби.

За причините поради кои вишиот јавен обвинител се откажал од жалбите поднесени од страна на основните јавни обвинителства, тие со службена белешка се известувани.

Во текот на 2021 година јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје учествувале на 221 јавна седница одржани пред Апелациониот суд.

Споредбено со претходниот период од 2020 година кога јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство во Скопје учествувал на 345 јавни седници, се воочува намалување на учество на јавните седници.

**- Вишо јавно обвинителство Битола**

Во текот на 2021 година во Вишото јавно обвинителство Битола биле изјавени вкупно 1063 жалби против првостепените пресуди.

Од 1063 изјавени жалби најголем број се изјавени од обвинетите и тоа 732 жалби, од основните јавни обвинители изјавени се 314, а од оштетените се изјавени 17 жалби.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинети | Оштетени | Вкупно |
| 314 | 732 | 17 | 1063 |

Споредбено со 2020 година, вкупната бројка на изјавени жалби е зголемена за 188 жалби.

Во однос на претходната 2020 година кога обвинителите вложиле 222 жалби оваа бројка е зголемена за 92 изјавени жалби на основните јавни обвинители, додека пак во поглед на жалбите од обвинетите кога во 2020 година таа бројка изнесувала 638 во текот на извештајната 2021 година изнесува 732 или зголемување за 94 жалби, а изјавените 15 жалби од оштетените во 2020 година, во 2021 година незначително се зголемиле на 17 изјавени жалби.

Од вкупно изјавените 1063 жалби, јавниот обвинител предложил 714 жалби да се одбијат како неосновани, во 314 случаи да се уважат жалбите, додека пак во 7 случаи делумно да се уважат, да се отфрлат како недозволени или неблаговремени во 21 случаи, а во 6 случаи не е даден предлог.

| Број и структура на дадените предлози | | |
|---|---|---|
| Да се уважи | Делумно да се уважи | Да се одбие |
| 314 | 7 | 714 |

Во текот на 2021 година јавниот обвинител учествувал во 32 јавни седници пред судот, додека пак дал предлог на нејавна седница по 677 изјавени жалби.

Споредбено со 2020 година кога јавниот обвинител учествувал на 42 јавни седници, оваа бројка бележи намалување, додека пак во поглед на нејавните 551 седница во 2020 година, а во текот на 2021 година јавнот обвинител учествувал на 126 седници повеќе.

Во текот на 2021 година, Вишиот јавен обвинител во 356 случаи дал предлог по обвинителен акт, а во 707 по обвинителен предлог.

| Предлози на јавен обвинител по изјавените жалби | |
|---|---|
| По обвинителен акт | По обвинителен предлог |
| 356 | 707 |

**- Вишо јавно обвинителство Штип**

Во 2021 година Вишото јавно обвинителство Штип постапувало по 695 изјавени жалби.

Најголем број на жалби биле изјавени од страна на обвинетите 465, основните обвинители изјавиле жалби против 219 првостепени пресуди, а оштетените изјавиле вкупно 11 жалби против пресудите.

Споредбено со 2020 година, кога вкупниот број на изјавени жалби изнесуваше 499, во текот на извештајната 2021 година, овој број е зголемен за 196 изјавени жалби.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинети | Оштетени | Вкупно |
| 219 | 465 | 11 | 695 |

Во текот на извештајниот период Вишото јавно обвинителство Штип нема случај во кој се откажало од жалба.

Од вкупните 695 изјавени жалби, Вишото јавно обвинителство Штип во 221 случаи дало предлог да се уважи жалбата, во 419 случаи предлог жалбата да се одбие, во 16 случаи даден е предлог за делумно уважување на жалбата, додека пак во 23 случаи јавниот обвинител не се произнесол со предлог, а во 16 случаи дал предлог жалбата да се отфрли како ненавремена или недозволена.

| Број и структура на дадените предлози | | |
|---|---|---|
| Да се уважи | Делумно да се уважи | Да се одбие |
| 221 | 16 | 419 |

Вишиот јавен обвинител од Штип учествувал на 84 јавни седници пред второстепениот суд. Овој број се разликува од 2020 година, кога јавниот обвинител учествувал на 56 јавни седници, така што споредбено зголемено е учеството за 28 јавни седници.

Вишото јавно обвинителство Штип во текот на извештајниот период во 220 случаи постапувало по обвинителни акти, а во 475 случаи дало предлог по обвинителни предлози.

| Предлози на јавен обвинител по изјавените жалби | |
|---|---|
| По обвинителен акт | По обвинителен предлог |
| 220 | 475 |

Апелациониот суд 526 предлози на јавниот обвинител ги прифатил, а 107 не се

прифатени, односно одлучено е поинаку од предлогот на Вишиот јавен обвинител во Штип.

**- Вишо јавно обвинителство Гостивар**

Во текот на извештајниот период Вишото јавно обвинителство Гостивар постапувало по 1011 изјавени жалби од кои 484 биле изјавени од јавниот обвинител, 497 од обвинетите, а во 30 случаи жалба изјавиле оштетените.

Споредбено со 2020 година кога Вишото јавно обвинителство Гостивар постапувало по 753 изјавени жалби, во текот на извештајната година оваа бројка е зголемена за 258 случаи на изјавени жалби.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| Јавен обвинител | Обвинети | Оштетени | Вкупно |
| 484 | 497 | 30 | 1011 |

Од вкупно 1011 жалби поднесени против првостепените одлуки, во 696 случаи тие се однесувале на пресуди донесени по обвинителни предлози, а во 315 по обвинителни акти.

| Предлози на јавен обвинител по изјавените жалби | |
|---|---|
| По обвинителен акт | По обвинителен предлог |
| 315 | 696 |

По 410 изјавени жалби е даден предлог жалбата да се уважи, по 543 даден е предлог да се одбијат жалбите, по 15 изјавени жалби даден е предлог за нивно делумно уважување, во 38 случаи е предложено отфрлање на жалбата како ненавремена или недозволена, а во 4 случаи не е даден предлог. Во еден случај јавниот обвинител се откажал од жалба.

| Број и структура на дадените предлози | | |
|---|---|---|
| Да се уважи | Делумно да се уважи | Да се одбие |
| 410 | 15 | 543 |

Одлуките на Апелациониот суд во Гостивар биле идентични со предлозите на Вишото обвинителство во 570случаи од решените, а во 340 одлуките биле поинакви од дадениот предлог на јавниот обвинител.

Јавните обвинители на Вишото јавно обвинителство во Гостивар учествувале на 133 јавни и 777 нејавни седници пред советите на Апелациониот суд Гостивар.

## 5.2 Вонредни правни лекови

### а) Во кривична постапка

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во текот на 2021 година, примило 256 иницијативи за подигање барање за заштита на законитост.

Од вкупно 256 иницијативи, примени во 2021 година, 250 иницијативи се однесуваат на кривичната постапка и 50 на прекршочната постапка.

Од поднесените иницијативи до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија 150 останале во работа на крајот на извештајниот период кај други институции, а 11 кај јавните обвинители.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во текот на извештајниот период решило 95 иницијатива, прифатило 9 иницијативи по кои е поднесено барање за заштита на законитоста пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, од кои 7 барања се однесуваат на кривични, додека пак 2 барања се однесуваат на прекршочни предмети.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија не прифатило 86 иницијативи, од кои 72 предмети биле од кривична, а 14 иницијативи од прекршочна област.

Од поднесените барања во Врховниот суд на Република Северна Македонија, непресудени во извештајниот период останале 5 поднесени барања за заштита на законитоста и тоа 4 од кривична област и 1 од прекршочната област.

Во 2021 година, јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија учествувале на јавни седници пред Врховниот суд во жалбена постапка по обжалени пресуди на второстепениот суд како и по обжалени решенија за определена мерка за обезбедување.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во извештајната година постапувало и по 220 предмети по Барање за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда и по 28 предмети од организиран криминал. Исто така, постапувано е по 19 предмети по барање за вонредно ублажување на казната и по 83 предмети по жалба на второстепната пресуда или решение. По сите овие барања Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, се произнело со дадени образложени одговори.

**б) Во Управно-судска и управна постапка**

Според Законот за управните спорови, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има овластување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија да поднесе барање за заштита на законитоста против одлука на Управниот суд донесена по тужба за повторување на постапката.

Во извештајната 2021 година примени се вкупно 13 иницијативи за подигање на Барање за заштита на законитоста. Од нив е 5 се одбиени, 2 се на работа кај јавен обвинител, а 6 кај други органи.

Во текот на извештајниот период Јавниот обвинител на Република Северна Македонија нема поднесено барање за заштита на законитоста од Управно судска постапка.

Според Законот за општата управна постапка, Јавниот обвинител во управната постапка е овластен да вложи вонредни правни лекови, и тоа: да поднесе барање за заштита на законитоста, барање за поништување и укинување по право на надзор, како и да предлага огласување на решение за ништовно.

## XI. СТРУКТУРА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Во овој дел од Извештајот се изложуваат податоци за обемот на криминалитетот спрема структурата на кривичните дела по поодделни глави од Кривичниот законик, со споредбена анализа

со податоците од 2020 година.

Од изложената структура на кривични дела извршени во текот на 2021 година споредбено со 2020 година, може да се заклучи дека оваа година најголем број на сторители извршиле кривични дела против имотот - 4.746 лица. Заради состојбата со Ковид – 19 следат сторителите кои извршиле кривични дела против здравјето на луѓето-4.136 лица, а кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај извршиле -3.103 лица.

Овие податоци укажуваат на потребата од системско решение за превентивно делување на против овие видови на криминал, бидејќи едниот причинува материјална штета на поединците и нарушување на приватноста, а вториот вид на криминал со себе носи се поголем број на човечки жртви.

**1.Движењето на криминалот по поедини карактеристични кривични дела**

По однос на извршените кривични дела, во текот на 2021 година кај некои кривични дела има намалување, кај други зголемување на бројот, така што е неопходна анализа на тие податоци која дава увид во општествените состојби и насоката во која се движи криминалитетот.

Во однос на кривичните дела од Глава XIV од КЗ – Кривични дела против животот и телото во текот на 2021 година во однос на 2020 година нема значителни отстапувања. Вкупниот бројот на сторители за овој вид на кривични дела е незначително зголемен во 2021 година, кога се извршени 68 убиства (35 убиства и 33 кои биле во обид), за разлика од извршени 66 убиства (32 извршени и 34 во обид) во 2020 година. Од Глава XIV, забележително е незначително зголемување на бројот на извршени кривични дела – Тешка телесна повреда од член 131 од КЗ. Па така, во 2020 година за ова кривично дело се гонеле 268 лица, за разлика од 271 лица по кои се постапувало во 2021 година.




Од друга страна, значајно е да се истакне мало намалувањето на бројот на лица кои извршиле од Глава XX – Кривични дела против бракот и семејството кривично дело - Точење алкохол на малолетници од член 204 од КЗ. За разлика од 2020 година кога за ова дело се гонеле 32 лица, во 2021 година имало предмети против 20 лица. Со тоа, се евидентира пад на извршувањето на ова кривично дело, што укажува дека се заострени контролите од надлежните органи, а во насока на превенирање на натамошното точење алкохол на малолетници.

За потенцирање е и намалувањето на бројот на сторители по кои се постапувало во 2021 година, за сторено кривично дело од Глава XXI Кривични дела против здравјето на луѓето –

Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија од член 206 од КЗ. Во извештајната година за кривични дела од оваа глава од Кривичниот законик се водени постапки против 4.136 сторители на кривични дела, што претставува значително намалување во однос на 2020 година.

Ефикасноста во постапувањето на обвинителствата во кривичните дела од областа на корупцијата и нејзино сузбивање и превенирање се забележува и во постапките кои во текот на 2021 година се водени за кривичното дело – Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 од Глава XXX – Кривични дела против службената должност. Евидентно е зголемувањето на бројот на лица против кои е поведена постапка во 2021 кога се опфатени вкупно 1728 лица за разлика од 2020 година кога за ова кривично дело се постапувало против 1298 лица.

За движењето на криминалот по поедини карактеристични кривични дела кои се појавуваат во поголем обем во структурата на кривичните дела во 2021 година, во споредба со 2020 година, се дава следниот преглед:

| **КРИВИЧНО ДЕЛО** | **пријавени лица** | | **обвиненија** | | **пресуди** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** | **2021** |
| **Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото** | | | | | | |
| - Убиство чл.123 ст.1 | 21 | 18 | 18 | 13 | 22 | 12 |
| - Убиство чл.123 ст.2 | 8 | 12 | 7 | 5 | 5 | 4 |
| - Убиство во обид | 34 | 33 | 10 | 16 | 7 | 5 |
| - Тешка телесна повреда чл.131 | 268 | 271 | 149 | 205 | 121 | 146 |
| **Глава XV од КЗ- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | | | | |
| -Противправно лишување од слобода чл.140 | 32 | 39 | 19 | 2 | 12 | 30 |
| -Грабнување чл.141 | 5 | 10 | 7 | 3 | 1 | 2 |
| **Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | | | | | | |
| -Силување чл.186 | 48 | 37 | 16 | 12 | 11 | 18 |
| -Полов напад врз дете чл.188 | 43 | 25 | 25 | 13 | 6 | 18 |
| **Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот семејството и младината** | | | | | | |
| Точење алкохол на малолетници чл.204 од КЗ | 32 | 20 | 20 | 10 | 27 | 61 |
| **Глава XXI од КЗ - Кривични дела против** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **здравјето на луѓето** | | | | | | |
| -Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215 | 792 | 781 | 524 | 481 | 373 | 575 |
| **Глава XXIII од КЗ-Кривични дела против имотот** | | | | | | |
| -Кражба чл.235 став 1 | 1156 | 965 | 995 | 732 | 887 | 827 |
| -Тешка кражба чл.236 | 1261 | 1424 | 1071 | 1184 | 906 | 1220 |
| -Разбојништво чл.237 | 113 | 123 | 63 | 79 | 55 | 82 |
| -Изнуда чл. 258 | 39 | 39 | / | 12 | 3 | 9 |
| **Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство** | | | | | | |
| - Фалсификување пари чл.268 | 21 | 39 | 10 | 24 | 14 | 25 |
| - Криумчарење чл.278 | 12 | 27 | 10 | 17 | 6 | 16 |
| - Даночно затајување чл.279 | 243 | 178 | 60 | 120 | 37 | 73 |
| **Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | | | | | | |
| - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот чл.300 | 523 | 487 | 342 | 350 | 292 | 388 |
| **Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност** | | | | | | |
| - Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 | 1298 | 1391 | 140 | 200 | 144 | 133 |
| - Примање поткуп чл.357 | 4 | 17 | 5 | 5 | 6 | 6 |
| -Фалсификување службена исправа чл.361 | 25 | 27 | 5 | 11 | 2 | 3 |
| **Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството** | | | | | | |
| - Неизвршување на судска одлука чл.377 | 64 | 109 | 40 | 49 | 25 | 34 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај** | | | | | | |
| -Фалсификување исправа чл.378 | 404 | 664 | 346 | 553 | 191 | 449 |
| **Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред** | | | | | | |
| -Спречување службено лице во вршење службено дејствие чл.382 | 150 | 123 | 131 | 106 | 111 | 94 |
| - Насилство чл.386 | 732 | 735 | 408 | 392 | 288 | 398 |
| | | | | | | |
| -Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи чл.396 | 175 | 175 | 90 | 119 | 84 | 133 |

**2.Кривични дела од корупција**

Препознавајќи ја важноста од посебно излагање се податоците поврзани со кривичните дела од корупција и поради тоа, во извештајот посебно се анализираат податоците за 2021 година за овие дела.

Под корупција во најширок поим се подразбира искористување на дадените овластувања за приватни цели. Меѓутоа, корупцијата како недостаток на интегритет во постапувањето има и други битни карактеристики преку кои се одвива. Иако, во јавноста корупцијата најчесто се поистоветува со поткуп, директен или индиректен или со злоупотреба на службената положба и овластување, во продолжение се наведуваат кривичните дела од Кривичниот законик кои може да бидат извршени со корупција. Ова значи дека секое извршување од овие дела не претставува само за себе коруптивно дело, туку во зависност од позицијата на обвинетиот, начин на извршување, мотивот на извршување и штетата, може да се карактеризира како коруптивно дело.

Кривични дела од Кривичниот законик кои може да бидат извршени со корупција:

- Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик
- Злоупотреба на службената положба и овластување (в.в. јавни набавки) од чл.353 ст.5 од Кривичниот законик
- Несовесно работење во службата од чл.353-в од Кривичниот законик
- Проневера во службата од чл.354 од Кривичниот законик
- Измама во службата од чл.355 од Кривичниот законик
- Послужување во службата од чл.356 од Кривичниот законик
- Примање поткуп од чл.357 од Кривичниот законик
- Давање поткуп од чл.358 од Кривичниот законик
- Давање награда за противзаконито влијание од чл.358-а од Кривичниот законик
- Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 од Кривичниот законик
- Противправно стекнување и прикривање имот од чл.359-а од Кривичниот законик
- Повреда на избирачкото право од чл.159 од Кривичниот законик
- Повреда на слободата на определување на избирачите од чл.160 ст.1 и 2 од Кривичниот

законик

- Поткуп при избори и гласање од чл.162 од Кривичниот законик
- Повреда на тајноста на гласањето од чл.163 ст.1 и 2 од Кривичниот законик
- Уништување на изборен материјал од чл.164 ст.1 и 2 од Кривичниот законик
- Изборна измама од чл.165 од Кривичниот законик
- Неовластено примање подароци од чл.253 од Кривичниот законик
- Неовластено давање на подароци од чл.253-а од Кривичниот законик
- Злоупотреба на постапката за стечај од чл.256 ст.2 од Кривичниот законик
- Бесправно градење од чл.244-а ст.4 од Кривичниот законик
- Измама при работењето со хартии од вредности и удели од чл.275 ст.1,2 и 3 од Кривичниот законик
- Несовесно постапување на овластен ревизор од чл.275-б ст.1, 2 и 3 од Кривичниот законик
- Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од чл.275-в од Кривичниот законик
- Незаконито постапување на овластен проценувач од чл.275-г од Кривичниот законик
- Злоупотреба при случување на договор меѓу заинтересирани страни од чл.275-г од Кривичниот законик
- Повреда на рамноправноста во вршењето на стопанска дејност од чл.282 од Кривичниот законик
- Спречување, ограничување или нарушување на конкуренција од чл.283 од Кривичниот законик
- Нелојална конкуренција во работи на надворешно-трговскиот промет од чл.284 ст.1 и 2 од Кривичниот законик
- Злоупотреба на овластување во стопанството од чл.287 од Кривичниот законик
- Одавање службена тајна од чл.360 ст.1 и 2 од Кривичниот законик
- Фалсификување службена исправа од чл.361 од Кривичниот законик
- Злоупотреба на државна, службена или воена тајна од чл.360-а од Кривичниот законик

Овие кривични дела не се во исклучива надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, односно поголемиот дел од кривичните дела се во надлежност на основните јавни обвинителства.

Заради појасно излагање на податоците, во овој дел од извештајот ќе ги презентираме податоците за 2021 година поврзани со коруптивни кривични дела кои се во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, но и оние кои се во надлежност на основните јавни овинителства.

Во подрачјето на **Вишото јавно обвинителство Скопје** во текот на извештајната 2021 година за кривичните дела  од Глава XXX од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност се постапувало по вкупно 2.242 пријавено лице од кои 1334 пријавени лица во тековната година и 908 пренесени од претходната година.  Од основните обвинителства се донесени решенија за отфрлање на кривични пријави против 915 пријавени лица, бил поднесен обвинителен предлог против 87 лица, предлог спогодба во скратена постапка против 17 лица за кои е донесена пресуда со предлог спогодба во скратена постапка, обвинителен акт против 15 лице, предлог за казнен налог против 11 лица и наредба за спроведување на истрага против 28 лица. Донесени се осудителни пресуди против 76 лица, пресуда врз основа на признание на вина против 28 лица, ослободителни пресуди против 3 лица и одбивателни пресуди против 10 лица. Мерката притвор била определена према 8 лица.

За кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ основните јавни обвинителства од ова подрачје во 2021 година постапувале по кривични пријави против 1897 пријавени лица, од кои за 745 лица биле новопримени, а од претходниот период

останале нерешени кривични пријави за 1152 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје во текот на извештајната 2021 година за кривичните дела од Глава XVI од Кривичниот законик - Кривични дела против изборите и гласањето биле поднесени пријави против 37 лица од кои новопримени се 33, а нерешени од поранешен период за 4 лица. Отфрлени се пријави за 14 лица. Во извештајниот период предлог за казнен налог е поднесен против 3 лица, за 2 лица е донесена наредба за соведување на истрага, против едно лице е дадена предлог спогодба во истражна постапка и донесена е пресуда и против едно лице е поднесен обвинителен акт, а донесени се осудителни пресуди за 5 лица.

Во подрачјето на **Вишото јавно обвинителство Гостивар** во текот на извештајната 2021 година за кривичните дела од Глава XXX од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност биле поднесени кривични пријави вкупно против 771 лице, од кои новопримени за 244 лица и од претходните години против 527 лица. Во однос на претходната 2019 година кога во работа биле примени кривични пријави против 692 лица, се забележува зголемување за 79 лица или 10,25%. Против 164 лица кривичните пријави се отфрлени, против 14 лица поднесени се обвинителни предлози, против 7 лица обвинителни акти, против 7 лица предлог за казнен налог и против 162 лица кривичните пријави се решени на друг начин. По поднесените обвиненија судот донел 19 осудителни пресуди, со кои на едно лице му изрекол казна затвор, на 7 лица им изрекол парична казна, а на 11 лица условна осуда. Донесени се и 3 ослободителни пресуди. Јавниот обвинител вложил жалби против пресуди за 8 лица, од кои 4 поради одлуката за кривичната санкција и 4 поради други причини. Од вкупно поднесените кривични пријави од главата на кривични дела против службената должност за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, поднесени се кривични пријави против вкупно 664 лица од кои 203 се новопримени и 461 од претходните години. Против 147 лица кривичните пријави се отфрлени, против 5 лица поднесени се обвинителни акти, за 13 лица обвинителни предлози, против 3 лица е поднесен предлог за казнен налог, и за 124 лица кривичните пријави се решени на друг начин. Донесени се 8 осудителни пресуди при што биле изречени 8 условни осуди, а донесени се и 2 ослободителни пресуди. Поднесени се вкупно 7 жалби од кои 3 поради кривична санкција и 4 поради други причини.

За кривичните дела од Глава XVI од Кривичниот законик - Кривични дела против изборите и гласањето на подрачјето на ова обвинителство биле поднесени пријави против 10 лица, а се постапувало и по кривични пријави против 11 лица кои останале нерешени од претходниот период.

На подрачјето **на Вишото јавно обвинителство Битола** во текот на извештајната 2021 година за кривичните дела од Глава XXX од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност биле поднесени кривични пријави вкупно против 269 лица или за 42 лица помалку во однос на 2020 година.За овие кривични дела биле поднесени обвиненија за 27 лица.

За кривичните дела од Глава XVI од Кривичниот законик - Кривични дела против изборите и гласањето биле поднесени пријави против 13 лица, а се постапувало по кривични пријави против 3 лица од претходниот период. Отфрлени се кривичните пријави против 2 лица и донесена е одбивателна пресуда за едно лице.

До основните јавни обвинителства од подрачјето на **Вишото јавно обвинителство Штип** во текот на извештајната 2021 година за кривичните дела од Глава XXX од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност биле поднесени кривични пријави вкупно против 157 лица, а се постапувало и по кривични пријави против 52 лице од претходниот период. Кривичните пријави се отфрлени против 145 лица, против 3 лице поднесени се обвинителни предлози, против 14 лица поднесен е предлог за казнен налог, против 7 лица донесени се наредби за спроведување на истрага. Се постапувало по незавршени истраги од претходниот период против 10 лица. По завршената истрага против 7 лица поднесени се обвинителни акти. За 2 лица има донесено наредба

за запирање на истрагата и за 1 лице наредба за прекинување на истрагата. За овие кривични дела биле донесени осудителни пресуди против 64 лица, на 5 лица им била изречена казна затвор, на 31 лица условна осуда и на 15 лица парична казна. За 13 лица е донесена пресуда со признание на вина. За 5 лица се донесени ослободителни пресуди, а за 3 лица одбивателни пресуди. Само за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ биле пријавени 127 лица, а се постапувало и по кривични пријави против 44 лица од претходниот период. Кривичните пријави се отфрлени против 120 лица за ова кривично дело, против 2 лица се поднесени обвинителни предлози, против 10 лица предлог за казнен налог, против 7 лица донесени се наредби за спроведување истрага. По завршената истрага против 7 лица поднесени се обвинителни акти. За 2 лица има донесено наредба за запирање на истрагата. За ова кривично дело донесени се осудителни пресуди против 31 лица, од кои на 3 лица им е изречена казна затвор, на 14 лица им е изречена условна осуда и на 3 лица парична казна, за 6 лица е донесена пресуда со признание на вина а 4 лица донесени се ослободителни пресуди, а за 1 лице обвинението е одбиено. За кривично дело Примање поткуп од чл.357 од КЗ во извештајната година нема поднесено кривична пријава. Има само осудителна пресуда против едно лице на кое му е изречена казна затвор.

За кривичните дела од Глава XVI од Кривичниот законик - Кривични дела против изборите и гласањето на подрачјето на ова обвинителство биле поднесени пријави против 35 лица. Против 20 лица донесено е решение за отфрлање на кривичната пријава, против 5 лице поднесен е обвинителен предлог, против 2 лице донесена е наредба за спроведување истрага и против 5 лица е поднесен предлог за казнен налог. Донесени се 6 осудителни и една ослободителна пресуда.

Во **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција** во текот на извештајната 2021 година за кривичните дела од Глава XXX од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност биле поднесени кривични пријави вкупно против 140 лица, а се постапувало и по кривични пријави против 191 лица од претходниот период. Кривичните пријави се отфрлени против 57 лица, против 13 лица донесени се наредби за спроведување на истрага. Се постапувало по незавршени истраги од претходниот период против 109 лица. По завршената истрага против 33 лица поднесени се обвинителни акти. За 10 лица има донесено наредба за запирање на истрагата и за 84 лица е решено на друг начин. За овие кривични дела биле донесени осудителни пресуди против 16 лица, на 7 лица им била изречена казна затвор и на 9 лица условна осуда.

За кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 од КЗ вкупно во работа биле кривични пријави против 300 лица, од кои 171 лица пријавени во претходните години. За ова кривично дело за 57 лица е поднесено барање за прибирање претходни информации, за 17 лица е донесена наредба за финасиско вештачење, за 57 лица донесено е решение за отфрлање на кривичната пријава. Донесени наредби за спроведување истражна постапка против 13 лица, а се постапувало и по истраги кои останале незавршени од претходната година против 107 лица, или вкупно за ова дело се спроведувала истражна постапка за 120 лица. Обвинителни акти по завршена истрага се поднесени против 31 лица, а се донесени осудителни пресуди против 15 лица.

За кривично дело Примање поткуп од чл.357 од КЗ во ова обвинителство во текот на 2021 година вкупно во работа биле кривични пријави против 2 лица од претходен период за кои е поднесено обвинение.

Од изнесените податоци се заклучува неселективниот пристап на јавното обвинителство во борбата против корупцијата. Со оглед на тежината на овие кривични дела и штетата што се нанесува на целокупното општество, Јавното обвинителство и натаму ќе продолжи посветено да ги гони сторителите на кривичните дела.

Во **Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција** во текот на извештајната 2021

година за кривичните дела од Глава XXX од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност биле поднесени кривични пријави вкупно против 80 лица, а се постапувало и по кривични пријави против 20 лица од претходниот период. Кривичните пријави се отфрлени против 32 лица, против 1 лице е поднесен обвинителен предлог, а против 14 лица предлог за казнен налог. Пресда врз основа на признание на вина е донесена за 5 лица, а осудителни пресуди се донесени за 6 лица.

За кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 од КЗ вкупно во работа биле кривични пријави против 65 лица, од кои 111 лица пријавени во претходните години. За ова кривично дело кривични пријави се отфрлени против 20 лица, а против 6 лица поднесен е предлог за казнен налог. Пресуда врз основа на признание на вина е донесена за 2 лица, а осудителни пресуди се донесени за 3 лица.

За кривично дело Примање поткуп од чл.357 од КЗ во ова одделение во текот на 2021 година вкупно во работа биле кривични пријави против 3 лица, поднесен е 1 обвинителен предлог и еден предлог за казнен налог, а од претходен период е поднесено и едно обвинение. Пресуда врз основа на признание на вина е донесена за 2 лица, а осудителни пресуди се донесени за едно лице.

**3. Состојбата на структурата на криминалитетот според кривичните дела систематизирани према посебните глави на Кривичниот законик на Република Северна Македонија е следната:**

**Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото**

Во текот на 2021 година за кривичните дела од оваа глава примени се кривични пријави против 1.331 лица, кои заедно со пријавите од претходниот период против 761 лица, вкупно се постапувало по кривични пријави против 2.092 лица. Во 2021 година биле поднесени обвиненија против 734 лица, а од страна на судовите донесени се осудителни пресуди против 564 лице и за 107 лица пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XV од КЗ - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 1.442 лице, од кои новопријавени се 959 лица, а против 483 лица кривичните пријави останале во работа во претходната година. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле вкупно обвиненија против 474 лица, а судовите донеле осудителни пресуди против 483 лица и за 89 лица пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XVI од КЗ - Кривични дела против изборите и гласањето**

За овие кривични дела во текот на 2021 година е постапувано по кривични пријави против 134 лица од кои новопримени за 88 лица и за 46 лица од претходната година. Поднесени се обвиенија за 14 лица, а од судовите биле донесени пресуди против 11 лица и за едно лице пресуда врз основа на признание на вина.

**Глава XVII од КЗ - Кривични дела против работните односи**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против 179 лица од кои новопримени за 68 лица и за 111 лице од претходната година. Поднесен е

обвинителен предлог за 27 лица, а од судовите биле донесени осудителни пресуди против 18 лица и за едно лице пресуда врз основа на признание на вина.

**Глава XVIII од КЗ - Кривични дела против честа и угледот**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против 17 лица, од кои за 13 лица се новопримени и за 4 лица од претходната година. Нема поднесени обвиненија, а донесени се осудителни пресуди за 4 лица.

**Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**

За овие кривични дела во текот на 2021 година е постапувано по кривични пријави против 197 лица, од кои за 109 лица се нови пријави и за 88 лица што останале во работа од претходната година. Од јавните обвинителства биле поднесени обвиненија против 60 лица, а од судовите биле донесени осудителни пресуди против 62 лица и за 10 лица пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XX од КЗ Кривични дела против бракот, семејството и младината**

Во изминатата година за овие кривични дела постапувано е по кривични пријави против вкупно 987 лица, од кои новопријавени се 690 лица и за 297 лица што останале во работа од претходниот период. Јавните обвинителства поднеле обвиненија против 474 лица, а од страна на судовите донесени се првостепени пресуди према 364 лица и за 106 лица пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела постапувано е по кривични пријави против вкупно 4.834 лица, од кои 4.136 се новопријавени лица и за 707 лица што останале во работа од поранешниот период. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле вкупно обвиненија против 3.177 лица, а од судовите осудени се 3.874 лица и за 964 лица донесени се пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина и природата**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 431 лица, од кои за 278 лица кривични пријави се новопримени и 153 од претходниот период. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле обвиненија против вкупно 113 лица, а од страна на судовите донесени се пресуди према 126 лице и за 10 лица врз основа на признание на вина.

**Глава XXIII од КЗ - Кривични дела против имотот**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела примени се кривични пријави против 4.746 лица што со пријавите кои биле во работа од поранешниот период против 4.804 лица, претставува вкупна бројка од 9.550 лица. Јавните обвинителства во 2021 година за овие кривични дела поднеле обвиненија против 3.089 лица, а од страна на судовите донесени се пресуди против 3.145 лица и за 880 лица врз основа на признание на вина.

.

**Глава XXIV од КЗ - Кривични дела против културното наследство и природните реткости**

Во текот на 2021 година, за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави

против вкупно 8 лица, од кои 4 лица се новопријавени и 4 лица од претходниот период. Јавните обвинителства поднеле обвиненија против 3 лица, а од судовите донесени се пресуди против 11 лица и за 2 лица врз основа на признание на вина.

**Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**

Во текот на 2021 година, за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 1.362 лица од кои новопријавени се 522 лица и за 840 лица што останале во работа од 2020 година. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле вкупно обвиненија против 409 лица, а од судовите биле донесени пресуди против 345 лица и за 47 лица пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XXVI од КЗ - Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

Во текот на 2021 година, за овие кривични дела постапувано е по кривични пријави против вкупно 523 лица, од кои 323 лица се новопријавени и за 200 лица што останале во работа од претходната година. Јавните обвинителства поднеле обвиненија против вкупно 185 лица, а од страна на судовите биле донесени пресуди према 151 лица и за 35 лица пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 5.121 лица, од кои 3.103 лица се новопријавени и 2.018 што останале во работа од претходниот период. Јавните обвинителства поднеле вкупно обвиненија против 1.643 лица, а од страна на судовите за овие кривични дела пресудени се 1.792 лица и 284 лица врз основа на признание на вина.

.

**Глава XXVIII од КЗ - Кривични дела против државата**

Во 2021 година за кривичните дела од оваа глава е постапувано против 20 лица, примени се кривични пријави против 18 лица, а е постапувано по нерешени пријави од претходни години против 2 лица. За овие кривични дела во извештајната година има поднесено обвинение за 2 лица, а од страна на судовите донесена е пресуда за 4 лица и за 6 лица врз основа на признание на вина.

**Глава XXIX од КЗ - Кривични дела против вооружените сили**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави за 6 лица, против 2 лица кривичните пријави се новопримени и за 4 лиа од претходниот период. Поднесено е обвинение за 1 лице од страна на јавното обвинителство и е донесена пресуда од страна на судот за 1 лице.

**Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 4.009 лице, од кои 1.728 лица се новопријавени и за 2.281 лица што останале во работа од поранешниот период. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле обвиненија против 263 лица, а од страна на судовите донесени се пресуди против 207 лица и за 49 лица донесени се пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 739 лица, од кои новопријавени се за 446 лица и 293 лица од претходниот период. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле вкупно обвиненија против 141 лице, а од судовите биле донесени првостепени пресуди против 128 лица и за 22 лица врз основа на признание на вина.

**Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 1.333 лица, од кои новопријавени се 774 лица, а за 559 лица што останале во работа од претходниот период. Јавните обвинителства во 2021 година поднеле вкупно обвиненија против 608 лица, а од страна на судовите биле донесени пресуди против 482 лица и за 119 лица врз основа на признание на вина.

.

**Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 2.598 лица, од кои новопријавени се 1.522 лица и за 1076 лица што останале во работа од претходниот период. Јавните обвинители во 2021 година поднеле обвиненија против 907 лица, а од страна на судовите донесени се пресуди против 904 лица и за 285 лица донесени се пресуди врз основа на признание на вина.

**Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право**

Во текот на 2021 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против 113 лица, од кои новопријавени се 97 лица и за 16 лица што останале во работа од претходниот период, поднесени се обвиненија против 59 лица и од страна на судовите биле донесени пресуди против 37 лица. За 51 лица донесени се пресуди врз основа на признание на вина.

.

**Кривични дела по посебни закони**

Во текот на 2021 година за кривични дела предвидени во посебни закони, постапувано е по кривични пријави против вкупно 39 лица, од кои новопријавени се 24 лица и за 15 лица што останале во работа од претходниот период. Јавните обвинителства поднеле вкупно обвиненија против 19 лица, а од судовите донесени се пресуди против 13 лица и за 2 лица врз основа на признание на вина

## ЗАКЛУЧОК

Согледувајќи ги податоците за предметното работење на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства, основните јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, може да се заклучи дека во извештајната 2021 година во предметите постапувано е ажурно и стручно. Согласно задолжителното упатство на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија итно се постапуваше по предметите за кривични дела со кои се загрозува здравјето на граѓаните, но исто така и покрај пандемијата од корона вирусот Ковид 19 навремено се преземаа дејствија и по другите предмети.

Во изминатата година е постапувано против вкупно 45.405 сторители на кривични дела од кои новопримени кривични пријави се против 30.566 лица и 14.839 предмети кои останале незавршени од претходните години. Од нив основните јавни обвинителства решиле пријави против 22.426 лица или 62,8 % а останале во работа кривични пријави против 13.307 лица или 37,2 % , по кои се преземаат дејствија за прибавување на податоци во врска со кривичната пријава.

Од податоците во извештајот се утврдува дека јавните обвинителства и покрај проблемите со кои се соочуваат, а особено со значително намален број на јавни обвинители, така што наместо систематизираните 262 места за јавни обвинители функцијата ја извршуваат само 172, нецелосно пополнетата јавнообивителска служба и недоволните финансиски средства за работа, успеаа да го совладаат приливот на нови кривични пријави, и да го намалат бројот на нерешени предмети. Решените 62,8% од кривичните пријави во текот на извештајната година, за разлика од 2020 година кога биле решени 54% предмети од вкупниот број на пријави, и на крајот на годината останатите во работа кај јавните обвинители и другите државни органи 37,2 % за разлика од 2020 година кога останале нерешени 46% од кривичните пријави, покажува дека Јавното обвинителство и покрај намалениот број на јавни обвинители постигнува успешни резултати. Најголем број на незавршени предмети се евидентирани на подрачјата на Вишото јавно обвинителство Скопје, Вишото јавно обвинителство Гостивар и Вишото јавно обвинителство Битола. Јавните обвинителства од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип се целосно ажурни со останати на крајот на годината нерешени 6,4% од од кривичните пријави.

Податоците за мерката притвор како мерка за обезбедување присуство на лица за непречено водење на кривичната постапка, покажуваат дека во извештајната 2021 година оваа мерка е применета во 2,5% од случаите или од вкупно 20.975 новопријавени лица мерка притвор е одредена само према 528 лица.

Значајно е да се напомене дека и во 2021 година продолжи примената на институтите од чл.43 и чл.44 од ЗКП и склучувањето предлог спогодби помеѓу јавните обвинители и осомничените. Придобивките од користењето на спогодувањето и примената на одредбите од чл.43 и чл.44 од ЗКП, преку намалување на трошоците за водење на кривична постапка и ефективна и ефикасна кривична постапка со покусо времетраење, укажуваат на оправданоста на заложбата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија повеќе предмети да се решаваат со спогодба.

Од значење за извршување на функцијата определена со законите е побрзо пополнување на упразнетите места на јавните обвинители особено во основните јавни обвинителства. Исто така, треба да се пополнат упразнетите места за записничари и други административни кадри, а првенствено за зајакнување на капацитетите на истражните центри. Неопходно е да се извршат изменувања и дополнувања на Законот за јавнообвинителска служба со што ќе се обезбеди вработување на јавнообвинителски службеници. Подобрувањето на условите за работа и опремувањето на Јавните обвинителства е од суштествено значење за извршувањето на функцијата, а особено во Основното јавно обвинителство Тетово, во кое не се доволни просториите во кои е сместено.

Неопходно е да се надмине и проблемот со недостигот на потребните финаниски средства за работа на Обвинителството. Во таа насока, од неопходните средства во износ од 972.008.000,00 за работа на обвинителствата, колку што беа побарани во Предлог пресметката одобрени заедно со ребалансот на Буџетот беа вкупно парични средства во износ од 571.416.000,00 денари, или 58,79% кои не се доволни обвинителствата непречено да ја извршуваат функцијата.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Љубомир Јовески**